**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,06 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со Шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благој Зашов, Илинка Митрева, Есад Рахиќ, Лазар Китановски, Никола Рилкоски, Весна Бендевска, Верица Филипова, Абдуљади Вејсели, Оливер Шамбевски, Али Ахмети, Зумрета Јакупи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Љубчо Георгиевски и Андреј Жерновски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Имам впечаток дека сме повеќе од 52, колку се притиснати.

Ги молам службите да го достават точниот број на пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

67 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за полиција.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 3 точка 8 и за додавање нова точка 9 по точката 8, поднесен од пратеникот Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Во 10,09 часот пратениците од ДУИ ја напуштија салата).

Во моментот на гласање беа присутни 67 пратеника од кои гласаа 50, 48 гласаа против, а 2 гласаа за.

(Во тој момент влезе пратеникот Рафис Алити и реагираше).

Господине Алити гледам спрема копчињата.

Предлагам 15 минути пауза да се комплетираме.

Гласањето ќе го повториме по овој амандман кога ќе имаме кворум за работа.

Ги молам пратениците да си седнат на своите места за да можат службите да ни доставаат прецизен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Тогаш половина час пауза.

(Пауза од 10,11 часот до 10,43 часот).

(По паузата).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Го повторувам гласањето по амандманот на член 20 став 3 точка 8 за додавање нова точка 9 по точката 8, поднесен од пратеникот Есад Рахиќ.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласал 1 пратеник, против 59, 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 став 3 точка 8 и за додавање нова точка 9 по точката 8, поднесен од пратеникот Есад Рахиќ.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 2 точка 1 и 2, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи госпоѓа Весна Јаневска не бара збор...

Го повлекувате амандманот.

Добро.

Процедурално господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Во моментот на гласањето во салата имаше 57 пратеници. Избројте ги и сега ќе видите дека го имате тој број, а не 61.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам службите да ги пребројат пратениците.

Електронски е 61.

(Реакција од страна на пратеникот Рафис Алити од место).

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата има точно 61 пратеник.

(Во тој момент влезе пратеникот Љубисав Иванов-Ѕинго и неговото доаѓање беше пропратено со бурен аплауз).

Благодарам, вака добро и прецизно и акуратно да се броеја овците на Бачило немаше отштетата да биде толку голема. (Аплауз).

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 3, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман сакам некои работи да се допрецизираат. Еден ваков амандман со слична содржина имав поднесено и на членот 17 став 5 кој го регулираше начинот на разрешување и назначување на началникот на централните полициски служби .

(Во тој момент влегоа пратениците од опозицијата).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам тишина во салата да се слушаме, ве молам.

**Роза Топузова Каревска:** Тогаш говорев за истата работа односно транспаретноста на постапката.

Во членот 22 став 5 исто така се однесува на назначување односно начинот како се назначува и разрешува началникот на Секторот за внатрешни работи.

Во ставот 5 повторно се среќава зборот "транспарентна постапка" и јас сметам дека тој збор е само релативен, дека тоа не значи ништо и дава можност за различно толкување и токму поради тоа барав, ако веќе не е дефинирано, дека изборот на началникот ќе се врши по пат на јавен оглас или конкурс или поинаку регулирано со подзаконски акти, дека барем оваа транспарентна постапка ќе биде избришана затоа што не ни дава некои конкретни сознанија.

Доколку навистина се сака да се биде транспарентен, ќе мора прецизно да се дефинира начинот на избор. Ќе напоменам уште еднаш дали ќе биде по пат на јавен оглас или конкурс затоа што само со јасно дефиниран начин и пропишана постапка заснована на јавен оглас преку што јасно ќе имаме дефинирано критериуми може да се оценува компетентноста и стручноста на кандидатите и единствено тоа претставува транспарентност во постапката. За се друго што говориме може да биде само декларативна заложба или залажување.

Со оглед на тоа што вчера го слушнавме во изјавата во медиумите од страна на пратеникот на Демократската партија на Албанците најверојатно под "транспарентна постапка" се подразбира договорот меѓу двете политички партии за началник на Секторот за внатрешни работи во Охрид да биде од албанската заедница. Поинаку јас навистина не можам да најдам толкување на фразата "транспарентна постапка". Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Јашари реплика или збор?

Има збор господинот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Во однос на предложениот амандман од колешката пратеник амандманот во однос на член 22 став 3 со кој се бара двата збора на крајот од ставот 3 да се избришат, ценам дека е во ред.

Повеќе е од евидентно дека по членот 22 од Предлог-законот за полиција во кој се говори за раководителите на секторите за внатрешни работи, началници, кои според овој член ќе се назначуваат како началници, покрај другото, предвидено е за основањето или именувањето на началниците во овие сектори за внатрешни работи лицата, освен општите услови, треба да исполнат и други посебни услови.

Нормално, општите услови ги знаеме сите за основање на работен однос. Тие се предвидени со Законот за работни односи, но бидејќи се говори за еден специјален закон или посебен закон општите услови се предвидени и со законот за полиција.

Како што нагласив претходно во овој член предлагачот таксативно ги брои и посебните услови за основање на работен однос или за назначување на началниците, да постои соодветно високо образование иако за мене лично поимот "соодветно" исто така не е конкретизиран доволно и навистина не ми е јасно за што се говори или за какво високо образование се говори.

Второ, се бара искуство на соодветното лице во полиција и тоа во полициските органи со најмалку 12 години работно искуство, што е зачудувачко од овие 12 години лицето треба да има 4 години работно искуство на раководно работно место во полицијата.

И во прва фаза и во оваа ќе нагласам односно ќе повторам дека и во првата фаза од Предлог-законот за носење на закон за полиција укажав на оваа одредба од овој член, но ќе повторам уште еднаш дека посебните услови кои се предвидени за назначување на началниците ценам дека го намалуваат постоењето на една конкурентност помеѓу кандидатите, бидејќи настојувањето е јасно, јасна е тенденцијата бидејќи овие посебни услови кои се предвидени во овој член ќе имаат само одредени лица кои пред 20 години биле вработени во разни сектори на полицијата и тоа што е поинтересно лица кои биле на раководни позиции.

Доколку се анализира ставот 3 каде се говори за постапката за назначување на началниците, како што се вели, на транспарентна постапка, јас ценам дека една таква транспарентна постапка ќе подразбере и постоење на нетранспарентни постапки.

Доколку постои "транспарентна постапка", тогаш со право можеме да констатираме дека може да постои и нетранспарентна постапка.

Навистина, не ми е јасно што сака предлагачот или што подразбира предлагачот со "транспарентна постапка", бидејќи јас лично во

ниту еден правен акт, ќе повторам, во ниту еден правен акт не најдов една вакви терминологија. Над се, сакам да нагласам дека терминологијата која се користи како "транспарентна постапка" ценам дека и не е правна терминологија.

Во оваа насока, прифаќајќи го амандманот на колешката со кој се бара поништување на зборовите во став 3, ценам дека треба да се поддржи овој амандман поради фактот дека постапката е форма и таа како таква не може да биде ниту транспарентна ниту нетранспарентна.

Ќе повторам уште еднаш, според моја длабока убеденост ќе повторам, амандманот на колешката треба да се поддржи поради причините кои ги нагласив претходно. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Положани има збор.

**Азис Положани:** Благодарам.

Јас ќе настојувам почитувани пратеници на почетокот да изразам мислење во однос на законот, меѓутоа, во овој случај за амандманот што третира еден сегмент што е многу мал, меѓутоа значаен, за што и во првата фаза, кога беше овој закон во Парламентот ги дадовме своите мислења и забелешки и во текот на доработката и расправата по законот, која што расправа се одвиваше и во времето кога ние бевме во Влада, тоа значи и владината расправа, тоа значи дека истите мислења и мотиви не мотивираа со истите аргументи да настојуваме и денес да го убедиме предлагачот, госпоѓата минстер за внатрешни работи или актуелната Влада која што ја прифати претходната верзија без никакво подобрување дополнително, од причини што овој закон или овој дел од законот е во конфликт или судир со нашите ангажмани и како држава, меѓутоа и како граѓани. Преку овој закон се создава структура или политичка служба што би била транспарентна, јавна за граѓаните а не за Министерството, да оваа служба биде во функција на реформирање внатрешно на истото и со тоа да се даде подобра услуга на граѓаните. Секако и да ги исполни стандардите и нормите што всушност Македонија ги има прифатено потпишувајќи разни договори што третираат прашања што се третирани во самиот овој закон.

Значи, пратеничката што го предлага овој амандман, со право прави забелешка за можноста, според потребата што била практика до сега, долгорочна досегашна практика на оваа институција, секогаш во име на она што се нарекува право на полицијата и немала образложение тоа да го објасни пред граѓаните. Често пати и под покривка на една формула што се нарекува процедура, што била транспарентна и со такви слични нејасни мотиви, секако дека и во иднина ќе настојува да ги реализира своите политики надвор од очите на граѓаните и надвор од дефинираните правила со закон.

Знаеме дека во определени моменти транспарентното и адекватното можат да се заменат, дека се настојува или се настојувало до сега или се правело до сега, тоа треба сите да го прифатиме, тоа не е во еден владин мандат, туку е во повеќе владини мандати дека ова транспарентно и адекватно се заменувало со политички договор, со политички лојалитет. Тој бил меѓусебен или пак со аспекти што се далеку од законската власт. Ова било една преодна фаза. Ние тоа треба да го прифатиме. Како такво треба да се согласиме дека не може да продолжи повеќе. Затоа што тогаш ќе продолжат всушност и можностите за злоупотреба и на овој поим и на оваа можност, нешто што мислам и се надевам дека не е потреба или мотив за донесување на овој закон, не е задача на овој закон.

Затоа, нетранспарентноста во процедурата, како за именување така и за проценка на оценување на самите вработени кои се во Министерството за внатрешни работи и создавање на ситуации кога би се дале разни титулари да врз основа на овие формулации се реализираат определени политики и определени мигови, што немаат можност ниту да се усогласат политички, внатре меѓу политичките партнери. Тоа во минатото се случуваше без оглед кои, во кој мандат се случувало тоа или која политичка гарнитура нас не прави да се сомневаме дека таквите формулации се прават намерно за да се создаде доволен простор за во иднина исто така да се реализираат такви политики што не се во интерес на граѓаните.

Загрижени од овој факт, тргнувајќи и од она дека една од основните забелешки што ги направивме и тогаш, меѓутоа ја правиме и сега, се токму овие формулации во овој закон и тоа не само во овој член, туку и во други сегменти. Тие можат да бидат причина за вистински злоупотреби на позициите што ги има овој орган, што е многу чувствителен за општеството.

Ова е проследено и со многу елементи од оваа природа во овој закон, па затоа верувавме и се уште веруваме дека едно повторно разгледување, целосно, на оваа димензија, на ова прашање за законот би било добредојдено, би го подобрил законот. Законот со тоа би станал поефективен и повеќе во функција на целта или намерата што ја има законот,а што не случајно е ставено во контекст на реформите за стабилизација и асоцијација, како што се изрази госпоѓата министер во нејзиниот воведен збор, но и во другите документи што Македонија ги поседува, а особено во Рамковниот охридски договор.

Како што знаете, во Рамковниот охридски договор законот за полиција се третира во две поглавја. Во Поглавјето Б што е во однос на потребата за донесување на еден закон во функција на реформите поврзани со филозофијата, духот и нормите на Рамковниот договор, не само тука, туку и во Сегментот Ц што е во однос на засилување на меѓусебната доверба или враќање на довербата меѓу заедниците. Тоа е донесено 2001 година, така што овој закон треба

да биде таков што ќе ги исполнува обврските и од Анексот Б на Рамковниот договор, но исто да ги исполни потребите и да создаде патека за создавање услови за доверба, доверба во оваа институција, како што предвидува Анексот Ц од Рамковниот договор. Но, исто и за условите што се поврзани со Договорот за стабилизација и асоцијација, со другите документи што ги има ратификувано оваа држава.

Затоа мислиме дека овој амандман, не суштински, не целосно, но делумно ќе може да го подобри овој закон, затоа што, како што реков, има и други сегменти што се од оваа природа. Не сакајќи да ја злоупотребам говорницата, туку да се концентрирам повеќе и поширoко на моментот кога вие господине претседателе ќе ми дадете збор да говорам за текстот на законот, се надевам дека тогаш нема да ни ја затворите устата и да ни го одземете тоа право. Тогаш ќе имам можност, навистина, да кажам во поширок контекст, со популистички пристап би можел да направам целосен преглед за тоа зошто овој закон беше и е неприфатлив, е недоволен за реализирање на политиките што всушност ние сме ги презеле како обврска и се дел од нашите изјавени, декларирани политики во многу документи.

Затоа мислам дека овој амандман треба да се поддржи, со надеж дека ќе помогне во избегнување на слабостите во овој член, меѓутоа, убеден дека нема да биде во можност да ја подобри целосната филозофија на законот што се проследува од овој пристап. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Незири.

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Почитувани колеги,

Уште на почетокот, во разни процедури ДУИ и ПДП, наш став беше како негативен одговор во однос на овој Предлог-закон за полицијата. Наместо тоа што има голем број амандмани со кои што се интервенира во предложениот закон, Министерството за внатрешни работи навистина да го претпочита сето она што претставува подобрување на законот, така што овој закон да треба да биде соодветен и прифатлив за сите граѓани, за сите структури во Република Македонија. Врз основа на ова, во однос на интервенциите преку амандманите на предлагачот, нашата колешка Роза Топузова-Каревска, во членот 22 став 3, со што се согласувам во однос на тоа што се говори за транспарентноста на овој закон. Додека, во однос на "транспарентната постапка" на назначувањето и разрешувањето на еден началник на секторот за внатрешни работи, без оглед за кој сектор се работи, јас се сомневам во однос на ова, бидејќи самиот збор "транспарентност" можеме да го ставиме под знакот на навод, не е дефинирано добро. Не е добро дефиниран самиот збор "транспарентност", бидејќи не е добро предвидено со какви чекори ќе биде транспарентно сето тоа, самиот министер, со назначувањето и разрешувањето на началникот.

Понатаму, по однос на овој член ќе дадам неколку објаснувања во врска со предложениот амандман од колешката Роза Топузова-Каревска, со кој амандман се бара соодветно образование. Се вели "посебни услови", што би го прифатил со голем знак на прашалник и на крајот на оваа реченица јас би ставил голем знак на прашалник, таму каде што се говори за посебни услови. Јас не можам да видам посебни услови освен соодветно завршено образование. Соодветно високо образование, не знам што значи ова за полицијата. Досега, во полицијата беа вработени сите оние кои имаа завршено факултет, без оглед каков факултет и каква насока имаа завршено. Може еден човек да има завршено Земјоделски факултет или за биологија или некоја виша школа и да биде вработен и да се приклучи од овој член од законот, па да рече дека ги исполнува соодветните услови, така како што е предвидено со овој член.

Што ова значи? Ова значи дека самите услови не се дефинирани како што треба. Назначувањето на началникот, врз основа на ова, можам да увидам дека во ставот 2, точката 2, каде што се говори за транспарентноста дека во полицијата треба да се има работно искуство од 12 години, а 4 години раководно работно место во полицијата.

Исто така, се поставува прашањето дали оваа "сегашна Влада ", дали некогаш мислела од националностите кои се во мнозинство во општините и во одредени региони, дека Албанците се многу малку со 12 години работно искуство на тие работни места. Многу малку ги има со 4 години и повеќе раководно место во полицијата. Кој тогаш ќе може тука да биде раководител или началник на сектор во една средина каде имаме мултиетничка средина. Ова требаше предлагачот на овој закон да го има предвид како факт, бидејќи и самата транспарентност на овој закон укажува дека, од практичен аспект, од правен аспект, не е транспарентно како што треба. Самиот закон нема да има успех поради јасни причини, дека во мешаното население мислам дека нема да соработува во таа насока со полицијата, со секторите во полицијата, бидејќи во една мешана средина или едно мнозинство на заедницата, конкретно на Албанците нема да биде соодветно началникот да биде од некоја друга националност.

Освен во делот на транспарентноста на постапката и во полза на амандманот на госпоѓа Каревска, јас би кажал неколку мои мислења во однос на овој амандман околу полагањето сметка за назначување и разрешување на началниците за своето работење. Од самото ова се гледа дека началниците на полицијата се назначени непосредно од Владата или Министерството за внатрешни работи. Тие се назначуваат во единицата на локалната самоуправа, што значи

во општините, каде што самите општини се децентрализирани, додека Министерството за внатрешни работи се труди на централизиран начин, од позиција на децентрализација да назначува и разрешува началници и разни раководители на сектори во полициските станици или во секторите за внатрешни работи.

Ценам дека ова нема да биде прифатливо во однос на тоа што е позитивно, како закон и како ќе функционира овој закон за полиција ќе видиме. Но, амандманот на госпоѓа Роза Топузова-Каревска во целост е прифатлив како амандман и навистина треба да се интервенира како што е предложено. Во целост законот, како закон, мислам дека не ги има поминато своите фази. Поради тоа мислам дека треба да се повлече.Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Почитуван господине Георгиевски, почитувани колеги пратеници,

Во однос на амандманот што е предложен од страна на госпоѓа Роза Топузова-Каревска во однос на членот 22 став 3 на Предлог-законот за полиција што го имаме за расправа, мислам дека предлогот на госпоѓата колешка пратеничка Роза Топузова-Каревска за бришење на зборовите "транспарентна процедура" е предлог што во суштина засега едно клучно прашање во однос на овој закон. Ова прашање направило, меѓу другото, да меѓу другите елементи или делови од законот што ние, како мнозинска партија, во минатиот Парламент или во коалицијата на минатиот мандат, ние не се согласивме со овој вид на Предлог-закон или Нацрт. Било да е првиот или овој што е сега кај нас. Ова го дадовме на знаење што се однесува и на транспарентноста и на предлагачот - тогашниот министер за внатрешни работи, на господинот Џанго, меѓутоа и за клучни елементи на овој закон, какко што е спомнатата транспарентност што госпоѓата Роза Топузова-Каревска предлага да се избрише. Тоа, затоа што во овој конкретен случај нашите забелешки што се во однос и на транспарентноста предложени од госпоѓата Роза Топузова-Каревска се суштината на законот.

Кога се споменува транспарентноста, без да се детализира како ќе се направи истата, јас мислам дека на мнозинството или на партијата која што победи со 44 пратеници на минатите избори, значи еден украден глас, на ова мнозинство оваа транспарентност, која што е безлична транспарентност, или која што во себе содржи една хипокризија, доколку претендираат госпоѓите и господата од партијата ВМРО-ДПМНЕ кои што страдаа од еднен систем по 1945 година, систем за кој што се велеше дека е идеален , дека работниците ги имаат во своите разе фабриките итн, додека полицијата била во служба на граѓаните, токму и членовите и симпатизерите, идеолозите и активистите на ВМРО-ДПМНЕ биле тепани и малтретирани од таа иста полиција, сега без никаква смисла и без никаква поддршка на партијата и на членството, кое страда од транспарентната полиција или од транспарентните правила на таа полиција, . . .

**Љубиша Георгиевски** : Ќе отворам расправа, ќе имаме време за тоа.

**Агрон Буџаку:** Господине Георгиевски, јас говорам токму за транспарентноста затоа што транспарентноста е многу значајна. Транспарентноста е демократски поим, транспарентните правила доколку се напишат треба да се прецизираат и како ВМРО-ДПМНЕ, што е противник на овој закон, значи така се изјаснувале, постојано се спротивставувале и сега без никакво мислење го изгласале, без никаква интервенција гласале и го предложиле овој закон, кој после неколку години или неколку месеци кога нема да бидат мнозинство ќе и овозможи на полицијата нивните активисти во име на една недекларирана транспарентност да ги малтретира на арбитрален начин, затоа што доколку овде се напише транспарентност, а не се прецизира како таа ќе се направи и со кои правила, немојте да мислите дека секогаш вие ќе бидете на власт. Тогаш ќе треба да размислите, иако манипулирате со Бадинтеровиот принцип, иако настојувате на секој начин со процедури кои се закануваат и на здравјето на господинот Георгиевски, значи да го поминете што побрзо овој закон. Закон кој што не е ниту ваш господа и госпоѓи. Сега се поставува прашање во име на која транспарентност вие тоа го правите. Излезете пред вашите гласачи и кажете ние предлагаме еден закон кој што е предложен од поранешниот министер за внатрешни работи Љубомир Михајловски-Џанго. Дали имате лице сега да излезете на ПРЕС конференција пред новинарите заедно со мене и јас да кажам дека овој закон не чини поради овие причини, затоа што пишува "транспарентност" а нема транспарентност и излегува еден од вас и вели пред вашето членство, во име на минатото, сте биле во поранешна Југославија дискриминирани, прогонувани и затворани. Сега се обраќам до ВМРО-ДПМНЕ, не се обраќам до другите партии од коалицијата. Тогаш излезете тука и да видиме што значи транспарентност. Транспарентност значи кога нешто не е прецизирано, тогаш се остава на арбитрален начин на министерот да одлучува. Поради оваа причина, ова е еден концепт господа, не е збор, јас се согласувам и ја поздравувам госпоѓата колешка пратеник Роза Топузова-Каревска, која забележила и предложила амандман во однос на ова. Токму овој амандман господа, доколку не ви е целта да ги имате само фотељите во власта, размислете, дали Европа ќе ве поддржи ако донесете ваков закон, затоа што Европа не поддржува секаков и било каков закон. Доколку се донесе еден закон, со самото губење на еден дел од суверенитетот, со самото итегрирање или унапредување на Македонија во однос на транспарентноста господине Георгиевски, затоа што Европа не

познава совети на работници кои одлучуваат во име на власта на поранешна Југославија, затоа што кобајаги биле посилни од директорот. Се знаеше дека директорот кој што беше поставен таму од страна на Сојузот на Комунистите на Југославија и тој рапортираше или даваше извештај само на истиот сојуз, значи и тој директор одлучуваше. Каква транспарентност господине Георгиевски, доколку не се прецизира во законот? Значи каква ќе биде процедурата, каква транспарентност може да се предвиди во еден закон кој што не се предлага од вас. Вие сега со сета сила со опасност од загрозување на здравјето на господинот Георгиевски настојувате да поминете еден закон, кој закон , почитувани дами и господа, не е ниту ваш. Затоа сега излезете пред вашите гласачи и кажете, затоа што ние не се договоривме со СДСМ. И СДСМ има свои забелешки. Доколку кажете ние поддржуваме и донесуваме закон кој што е и во однос на транспарентноста изготвен од страна на поранешниот министер Љубомир Михајловски-Џанго, тогаш зошто сте вие на власт. За да ги земете законите, да ги преземете законите кои што ги изготвил господинот Љубомир Михаловски-Џанго и да ги поднесете во Парламентот, вие да велите дека сте за интеграција. Транспарентноста е многу значајна господине Георгиевски и кога ќе одите во Европа, не барајте како порано Кумровачка школа, школата во Кумровец е во минатото, значи можеш да кажеш било каква демагогија и глупост, имаа интерес големите сили, Југославија беше фифти-фифти и и се простуваа тие грешки затоа што имаше комунистички систем. Меѓутоа, сите знаете тоа беше комунистички систем, но сега доколку одиме во Европа и речеме, господине Георгиевски, во однос на амандманот на госпоѓата Роза Топузова-Каревска, во однос на транспарентноста, да и речеме на Европа ние сме транспарентни при изборот на началниците, оставете го тоа што го кршиме Бадинтеровиот принцип и Рамковниот договор во однос на процедурата, меѓутоа, вие одите во Европа и велите транспарентно. Тие немаат веќе интерес за Македонија, како што имаа за Југославија, немаат веќе интерес да ни прогледуваат низ прсти, да кажеме едно а мислиме друго. Транспарентноста е господа и господине Георгиевски еден од клучните елементи на демократијата. Вие тука неколку дена го повредувате владеењето на законот и законската власт. Сега немате право да ми го земете зборот кога говорам за транспарентноста и амандманот на почитуваната колоешка Роза Топузова-Каревска. Говорам во рамките на дневниот ред и транспарентноста, затоа што ова е многу значајно и не може да се говори во име на транспарентноста во Европа кога не е прецизирано како ќе се спроведе транспарентноста. Последен момент е во име на транспарентноста пред вашите гласачи, дами и господа од ВМРО-ДПМНЕ, да излезете со светол образ и почитуваната госпоѓа министер Јанкуловска, значи да излезете пред населението и вашите гласачи и да кажете ние погрешивме, предлагаме закон од Љубомир Михајловски-Џанго. Овој закон ќе даде надлежност на министерот кој ќе дојде во иднина, за да може да ве малтретира вас граѓани, гласачи и наши симпатизери и поради оваа причина ние го повлекуваме овој закон. Или, нека излезе почитуваната госпоѓа Јанкуловска како претставник на Владата или нека излезат тие што беа најгласни 4 години со ред за тоа што се прави и како се прави полициска држава итн, нека излезат тука и во име на транспарентноста нека побараат на кој начин да се гарантира транспарентноста при изборот на началниците на секторите за внатрешни работи. Нека ни објаснат не на нас, ние знаме зошто го правите тоа, меѓутоа, нека му објаснат на населението и на своите гласачи дека ние ќе го повлечеме овој закон затоа што овој закон во име на транспарентноста дозволува на министерот на арбитрарен начин да избира началници. Јас барам да рефлектираат многу дами и господа од ВМРО-ДПМНЕ, значи не да предложат туку да го повлечат законот, да го доработат и да изнајдат во многу аспекти елементи кои би им гарантирале на граѓаните и на нашата власт дека во иднина во име на арбитрарноста нема да може да се прогонуваат, дискриминираат од страна на полицијата. Сега е моментот вие дами и господа од ВМРО-ДПМНЕ да изразите и да побарате, сега веќе само Владата има право да предлага амандмани, меѓутоа, барем Владата да го изрази тоа. Не знам со какво лице ќе излезат пред гласачите во врска со нивната транспарентност и да кажат дека ние донесуваме еден нетранспарентен закон и повлекувањето на овој закон. Значи господине Георгиевски, ние дадовме предлог, вие знаете многу добро, меѓутоа, вие го повредувате и Деловникот и Уставот и Охридскиот договор, меѓутоа, треба да знаете дека вчера кога дојдов пред вас со определен член вие не ми дадовте збор. Тоа е членот 163 од Деловникот за работа на Собранието во однос на промената на процедурата или за поминувањето на уште една фаза на овој закон затоа што е многу значаен закон.

Почитуван господине Георгиевски, мислам дека не дека госпоѓата колешка пратеник Роза Топузова-Каревска нема право за ова, туку има полно право, меѓутоа, ова не е доволно. Не е доволно само да се избрише транспарентна процедура или постапка, туку треба на прецизен и концизен начин да се уреди како тоа ќе се реши, како ќе се избере началникот, затоа што двете забелешки ги дадовме јавно, ги имавме веќе цела година, сега вие декларативно како противници на СДСМ без никаков срам предлагате закон изготвен од страна на министерот Љубомир Михајловски-Џанго. Треба многу да размислите во оваа насока.

Почитувани дами и господа, уште еднаш ќе нагласам, оваа одговорност ја имате вие пред вашите гласачи, не ја имате пред нас. Ќе видите дека го прекршувате Бадинтеривиот принцип, жртвувате една почитувана госпоѓа, го жртвувате и господинот Георгиевски кој што е обврзан-сега не знам како го избравте за претседател, и не го спасивте туку му го загрозувате здравјето, но тоа ќе биде ваша одговорност дами и господа, затоа што го загрозувате неговото здравје, а не избравте ниту потпретседатели, така што потполно. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ако некој моето здравјето здравје го амандира, нема да биде пратеник, ќе биде ангел. Според тоа, продолжете по амандманот.

**Агрон Буџаку:** Господине Георгиевски, треба да бидете благодарен затоа што сега се грижам за вашето здравје.

**Љубиша Георгиевски**: Би сакал повеќе да се грижите одколку Положани, посигурен некако се чувствувга.

**Агрон Буџаку:** Мислам дека и Положани е вознемирен од пресијата која вие ја имате, меѓутоа, да ги изберевте тие двајца потпретседатели, да се спасите малку.

**Љубиша Георгиевски :** Ве молам, продолжете по амандманот.

**Агрон Буџаку:** Вие може да ссе релаксирате, меѓутоа, доколку како изгласан претседател на Собранието тука претендирате да бидете тоа, вие треба да бидете над партиите, така што одговорноста не е ваша. Ваша одговорност е доколку вие вашето мислење и вашето право како право да говорите, значи тоа е одговорност и прашање на вашиот интегритет морално и антикомунистичко, како што се изјаснивте, значи да излезете на говорница и да кажете јас барам определена транспарентност со законот. Како тоа ќе се реши, затоа што доколку нема транспарентност, има арбитрарност на министерот. Потполно се согласувам со предлогот на госпоѓата Роза Топузова-Каревска, почитуваната колешка апсолутно е во право и е вред, меѓутоа, тоа не е доволно. Ние бараме уште еднаш да се почитувам Рамковниот договор за гласањето и да се повлече овој закон или да се разгледува во две фази. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски :** Благодарам,

Има збор пратеникот Ружди Матоши, реплика три минути.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседател.

Му благодарам и на господинот Буџаку за неговото симпатично излагање. Вистина е дека транспарентноста е клучот на демократијата и тие имаат потреба за транспарентност, посебно во нивниот изминат мандат, навистина јас не се согласувам дека полицијата има направено доста нетранспарентни постапки, посебно со нападот на функционерите на Демократската партија на ДУИ во центарот на Скопје, каде што се истепаа со "Алфите" и ние како партија бевме загрижени за сето тоа. Затоа од нас ќе имаат јасна транспарентност без проблеми. Значи сите случаи ќе ги објасниме и ќе бидат транспарентни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски :** Контра реплика за господинот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Овде доколку почитуваниот колега Ружди Матоши ми реплицира за нешто што нема врска со амандманот, значи тука ние говориме, доколку не им е јасно да им разјаснам, ние тука говориме за транспарентноста при изборот на началниците. Кога ќе поминеме на расправа за законот, тогаш со полно право ќе говорам. Меѓутоа, сега ќе им разјаснам за да не погрешат во иднина. Репликата што ја кажа е всушност реплика што им штети на нив. Значи јас говорев тука за транспарентност при изборот на раководните лица во разните сектори во полицијата, а за другото ќе имаме прилика да говориме.

**Љубиша Георгиевски** : Госпоѓа Силвана Бонева, реплика имате или барате збор?

За реплика се јави госпоѓа Весна Јаневска. Повелете.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе драго ми е што конечно на екранот се појави и името на Силвана Бонева, оти од 43 прозвани пратеници на ВМРО-ДПМНЕ никој не се почувствува како ВМРО за да прозбори барем еден збор на прозивањата на господинот Буџаку.

Сосема сум свесна дека не ме проживаше мене, но не можам да одолеам да не прозборам за вистинскиот прогон и малтретирање од страна на нетранспарентно поставените раководители врз ВМРО-ците. Но, бидејќи овој закон во изминатите 4 години и ДУИ беше коалиционен партнер на СДСМ, сметам дека треба да сноси одговорност за она што се случувше токму во времето на владеењето на СДСМ и ДУИ во првите две години на мандатот.

Значи, безусловниот, безсрамниот и безмилосниот прогон на ВМРО-ците неоправдано без никаква причина и без никаков повод, ниту по основ на некакви аргументи. Бидејќи се чувствувам како ВМРО и бидејќи ја сочувствувам судбината на сите оние од 1945 година до ден денешен, затоа што и денес се водат процеси кои се насочени кон ВМРО-ците, сметам дека ова Собрание, не во однос на поставувањето на раководните кадри, но и таму, треба да имаме разбирање за ваквите измени на законот кои треба да следат во иднина. Тоа што во моментов дел од пратениците се трудат да направат некакви дополнувања или измени не ги ослободува одговорноста во изминатиот период кога овој закон беше во прва фаза, а кога беа коалициони партнери и директно практично учествуваа во прогонот и малтретирањето на

луѓето од ВМРО. Значи, повторно во однос на транспарентноста во стилот за кој сака да зборува господин Агрон Буџаку, на овој закон можат да му се најдат илјада и една маана, не само во овој член и не само овие 54 амандмани кои се поднесени од сите пратеници во ова Собрание, безброј многу такви има и помала е одговорноста на тогашната опозиција, отколку на тогашната позиција. Каде беа тогашните, сегашната опозиција, тогашната власт да го направат овој закон така како што сега бараат да биде, за да нема можност, не за прогон на луѓе од одредени партии, туку за прогон на граѓаните на оваа земја, без оглед на партиската припадност, на националноста, на верската припадност, на полот итн. Безкрајно многу е злоупотребувана полицијата од разноразни власти во Македонија. За жал, оние вистинските ВМРО-ци во овој момент можат да ги кажат своите искуства, а дел од луѓето седат и во оваа сала. Жал ми е што некој од нив не се јави да го каже своето искуство. Но, не само транспарентноста од овој член е значајна, има многу други сегменти каде што полицијата навистина ќе мора посериозно и по транспарентно да работи. Значи, во иднина планираме и ние како партија и тоа како да се позабавиме со овој закон, но пред крај би сакала да кажам дека кога веќе сме решиле во континуитет да прифатиме нешто од пртходната Влада, што во суштина е доблест, сметам дека што е можно побрзо треба да се сработи, да не го губиме времето попусто ниту на пратениците, ниту на граѓаните, а нашите дискусии да ги продолжиме во некој следен период, каде што нвистина ќе донесеме поквалитетен закон.

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека времето ви истече.

Агрон Буџаку има контра реплика.

**Агрон Буџаку:** Почитувана колешке, вашиот денешен говор пред ова Собрание на ниту еден начин не ви се обратив вас, туку јас говорев за ВМРО ДПМНЕ, бидејќи првиот дел ВМРО не знам имам многу и не се наоѓам во сите ВМРО-а. Јас говорев за ВМРО кое беше едно, поранешното ВМРО и доколку вие ни реплицирате дека сме биле во власт, имено ние за една година не се согласивме за овој Предлог закон, па затоа и не го донесовме овој закон и тоа ви е јасно. Доколку вие сега имате илјада забелешки, ние имаме еден милион и кога имате закон од илјада забелешки, тогаш не е добро овој акон да се донесе на овој начин, кој го сака Парламентарното мнозинство.

Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Силвана Бонева има реплика. И после оваа реплика и евентуално една контрареплика, ќе продолжиме со дискусијата. Така, со тоа го завршуваме овој турнуст на реплики.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега Буџаку, нема да ве потсетувам за транспарентното практикување на власта во преходните 4 години, но би сакала да им кажете на вашите гласачи, за да бидете со светол образ, како што милувавте да кажете во вашиот говор за нас, зошто не поднесовте амандмани и не се обидовте низ утврдена процедура за промена на законскиот текст да предложите текст со кој што ќе им гарантирате на вашите гласачи дека началникот на секторот за внатрешни работи ќе го назначува и разрешува министерот од редот на вработените во една транспарентна постапка која што ќе биде утврдена на прецизен и концизен начин. Значи, наместо сега да зборуваме што е тоа што не чини во законот, добро ќе беше да ја дефиниравте оваа транспарентна постапка која што е напишана во законскиот текст, за да можевме да знаеме на кој начин ќе беа заштитени начелниците од разрешување односно од самоволието на министерот при разрешувањето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Буџаку, имате една минута контрареплика.

**Агрон Буџаку:** Мислам дека за жал, можеби и ќе ви служи во тренингот како опозиција ВРМО ДПМНЕ. Значи, оваа партија сеуште дискусиите ги држи како да е опозиција. Не е работата да се критикува, а ние кажавме дека со амандманот не се менува овој закон. Тука има концептуални разлики, госпоѓо Бонева. Значи, концептуални разлики за кои што јас сум убеден, а и вашите партнери сигурно не го прочитале законот, па вие треба да ги забележите тие разлики. И вие како прогонувана во минатото како партија која што претендира да не води во Европа, вие треба да размислите ова да го избришете, а не вие тука да делувате како опозиција и нас да не обвинувате за закон кој што вие го предлагате. Закон, за кој што ние не сме се ни согласувале. Ова е апсурдно.

**Љубиша Георгиевски:** Јани Макрадули има збор.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Најпрвин, би сакал да изразам разочарување од тоа што оваа релаксирана атмосфера на Парламентарното мнозинство ја искористивте, па броењето на пратениците од Парламентарното мнозинство го споредивте со броење на овци. Мислам дека таа опаска не ви требаше и мислам дека треба да се извиниете на Парламентарното мнозинство, бидејќи и друг во салата немаше. Верувам дека не треба.

Се јавувам во поддршка на амандманот на госпоѓа Роза Топузова Каревска, иако мислев дека госпоѓицата Јанкуловска, почитуваниот министер за внатрешни работи го прифати овој амандман, бидејќи зборот транспарентност во последно време се поврзува со потпртседателот на Владата и гледаме какви се работи се случувале во организацијата транспарентност кога потпретседателот на Владата беше нејзин претседател. Затоа, мислев дека некако ќе се тргнат од овој збор, за да можат да ја истераат работата до крај односно да продолжи, за жал,

разрешувањето повеќе, отколку именувањето на начин како што го искажа госпоѓа Бонева, самоволието од страна на министерот. За жал, затоа Европската комисија на 5 септември 2006 година во своите забелешки до Владата по овој закон, напишала дека треба да се додадат одредби кои се однесуваат на општата организација, како и на мандатот, одговорноста, улогата и надлежноста на различните политички раководни лица.

Не за џабе Европската комисија го кажала тоа, затоа што не е логично еден генерал на полиција да се врати на позиција која што ја имал пред 20-тина години. Не е логично постапките за разрешување многу повеќе од именување, да бидат начин кои немаат врска со транспарентна постапка. За жал, овде зборот транспарентност е алиби или само да се оправда она што вчера нашиот колега од ДПА го кажа пред медиумите дека не е битно ние што не поднесовме амандмани, туку знаеме, веќе се знае без разлика што Законот не е донесен, дека Секторот за внатрешни работи во Охрид што покрива многу општини ќе го води албанец. Е, тоа е транспарентна постапка. Излегува пратеник од ДПА и кажува, најтранспарентно пред очите на цела јавност дека раководител, началник на Секторот за внатрешни работи на Охрид ќе биде Албанец. И тоа не е ништо лошо. Напротив, е многу транспарентно. Само почекајте да се донесе законот, па потоа дозволете и на министерката во рамки на транспарентна постапка од редот на вработените да го направи тоа. А, не да го најавите вие пред медиумите, пред сината табла овде, пред клубот на пратениците. Тоа не е добро. Не е добро посебно за еден систем каков што Министерството за внатрешни работи треба да биде, каде што хиеархијата се почитува, каде што напредувањето на структурите во полицијата си има природен тек, како што со кадарни луѓе, со образование, со искуство очекуваат природно да напредуваат во еден систем, сложен систем каков што е Министерството за внатрешни работи.

**Љубиша Георгиевски:** Сепак, ограничете се на амандманот.

**Јани Макрадули:** Апсолутно за амандманот зборувам господине Георгиевски. Сепак, на јавата дека некој ќе биде надвор од транспарентна постапка и за тоа зборуваме во амандманот дека апсолутно не треба зборот транспарентност, по што некој веќе знае кој ќе биде началник на Секторот за внатрешни работи во Орид. И, сосема сме во рамки на амандманот. Затоа, сметам дека еден ваков алиби збор не треба да стои во овој член, треба да има една постапка која што ќе биде во рамки на законот, ќе биде во рамки на почитување на напредувањето во рамки на внатрешните работи, како што природно им следува на образованите луѓе и луѓето со искуство внатре во Министерството за внатрешни работи. Затоа, велам не за џабе Европската комисија укажува во своите општи коментари, а за поединечните коментари ќе зборувам по текстот, на 5 септември укажува дека на некои работи дека овој закон не е во ред. Затоа, укажува и затоа Европската комисија ја смени реториката кога дојде оваа Влада на власт. Значи, не се битни само законите, битни се квалитетни закони и битно е законите да се носат со широка поддршка од политичките партии. Да не си ја затвораме вратата сами од ЕУ, туку да слушнеме, го имате Парламентарното мнозинство и за тоа сме сите свесни, но понекогаш оставете подотворена врата за некои сугестии кои можат да бидат добредојдени. Затоа, го поддржувам и ќе гласам за овој амандман на колешката Роза Топузова Каревска.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседателе.

Може да се забележи политичкиот менталитет на СДС. Ова е нивен политички менталитет и навистина тој не може да се практикува воопшто и се забележува дека на масовен начин овој менталитет се предава од самото членство на СДСМ. Овие секогаш знаеле и се труделе да воведат национална поделба меѓу граѓаните и овие се најголемите потпароли на изреката дека Македонија завршува во Групчин. Овие се најголемите гласноговорници на економските прикаски кои им ги сервираа на граѓаните на Република Македонија.

Јас сакам да бидам транспарентен пред граѓаните дека ДПА уште еднаш констатира дека ќе создадеме една нормална комуникација со партнерите од коалицијата една комуникација која секогаш ќе ги објаснува политичките процеси, а не да ги блокираме политичките процеси, како што беше СДСМ со своите партнери. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Макрадули има контрареплика од еднаминута.

**Јани Макрадули:** Тоа за групчин, веројатно е на погрешна адреса насочено, но што да правиме.

Впечатокот кај некој пратеник од позицијата и од член на ДПА може да биде личен ваков или онаков, ама факт е дека коалицирањето или учеството на СДС во изминатите четири години, со доследно имплементирање на Охридскиот рамковен договор одбори многу права, ја смени ситуацијата на подобро за многу граѓани албанци во Република Македонија. Доколку тоа некој не го гледа од ДПА, за жал, тоа е уште потрагично.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот Адеми Џеват.

**Џеват Адеми:** Ви благодарам господине Георгиевски.

На почетокот на мојот збор сакам да проследам поздрави и честитки до госпоѓата Роза Топузовска Каревска, која што отвори едно прашање, кое што

е суштинско што се однесува на самоит дух антиреформаторски и духот во спротивност со политичките ориентации. Да се надеваме и на ова парламентарно мнозинство односно антиеворпскиот дух на предложениот закон. Транспарентноста, почитувани присутни, не е само процедура и постапка, не е само стил на работа, туку е и концепт односно за транспарентноста говорат во мнозинство случаи оние кои во нивните разбирања се водени кон антитранспарентни постапки. Значи, противници на транспарентноста. Нивните дејствувања се за тоа да се однесуваат арбитрарно и немам можност да не ја споделам со вас таа вознемиреност што јас ја чувствувам во однос на тоа што госпоѓата министер во своето експозе уште на почетокот, ќе ми дозволите да ја цитирам нагласи:"се предуслови за реализирање на обврските на Република Македонија".

**Љубиша Георгиевски:** Држете се, сепак, за до амандманот.

**ЏЕВАД АДЕМИ:** За транспарентноста, господине Георгиевски, говорам. Дозволете ми да се изразам во однос на моите вредни мерила, за да бидеме транспарентни.

**Љубиша Георгиевски:** Да, само сепак, мојата забелешка беше само тематска.

**Џевад Адеми:** Токму тоа. Европските стандарди се разликуваат од другите токму заради транспарентноста. "Согласно спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ, исто како и една од обврските на Република Македонија што произлегува од Рамковниот договор од 2001 година е донесување на закон за полиција". Крај на цитатот.

Ќе ве молам, одговорноста е вредност не само субјективна. Кога таа насојува да се притвори во филозофија, реперкусиите од тоа се многу повеќе отколку субјективни. Значи, транспарентноста, нагласената транспарентност на крајот на членот 22 од предложениот закон, за жал, не од страна на ова Министерство, не од оваа почитувана госпоѓа која што го претставува ова Министерство, туку повторно е прашање на проценки за кои станува чиј адвокат значи пишува вака.Ќе ми дозволите да ја цитирам уште еднаш и ќе ми дозволите да споделам со вас едно вознемирување за нетранспарентно однесување на самото Министерство за внатрешни работи односно на самата госпоѓа министерка. На Секторот за внатрешни работи го назначува и го разрешува министерот од редот на вработените по транспарентна постапка.

Господине Георгиевски и сите вие присутни, сигурно сте запознаени дека за помалку од два, три дена, во Република Македонија на "транапарентен начин" се случи арбитражно разрешување, се случи професионално деградирање на многу високи функционери во полицијата, опфаќајќи ги тука и началниците, луѓе кои се докажани во почитување на законот, луѓе докажани во нивната борба против криминалот. Овие началници, овие високи службеници на МВР, почитуван господине Ѓеоргиевски, се заменети со шофери, се занемети со бодигарди, со телохранители, заменети се со луѓе кои со ништо не ги исполнуваат овие законски норми предвидени во овој закон, што госпоѓата министер ни го предлага овде и настојува да не убеди дека ќе биде сосема транспарентна процедурата.

Дозволете да се надоврзам на една ваша јазична интерпретацвија од вчера, за тоа што значи.

Рамковниот договор, анекс б), на јасен начин и без епилог, што се однесува на синтагмата, прецизира дека началникот на локалната полиција го избира Советот на општината. Доколку предлагачот, изгледа тука немало транспарентна комуникација помеѓу актуелната министерка и поранешниот предлагач на овој закон, господинот Љубомир Михајловски. Доколку во транспарентна постапка подразбира заменување на процедурата за избор на началникот од страна на општинскиот совет, така како произлегува од Рамковниот договор и така како што се обврзува и предлагачот во своето експозе, тука или имаме непрецисно формулирање, или извртување на фактите или намерно тенденциозно дејствување. Значи деградирањето што се прави на една норма која е обврска за сите нас, се надевам да биде обврска и за ова мнозинства од левата страна во Парламентот, не обврзува, обврските, како класа на одговорни политичари и како институции кои се најповикани, најодговорни и најнадлежни во државата. Значи да бидеме консеквентни и доследни до крај. Доколку оваа транспарентност во себе не ја скрива нетранспарентноста, тогаш жалам, меѓутоа со транспарентната постапка на МВР, ќе ни се повторат овие нетранспаретни постапки за кои денес сме сведоци и ги гледаме во многу институции кои се повикуваат дека се транспарентни.

Во вознемиреноста што преку амандманот на пратеничката Роза Топузова - Каревска, го изразува со тоа што предлага делот после запирката да се избрише, по мое мислење не подразбира ориентирање, во дејствувањето на полицијата да нема транспарентност, туку напротив, бидејќи во оваа прилика, оваа формулација скрива во себе тенденција на нетранспарентност, зошто да се оптоварува текстот кој и така е со многу спротивности, противречности, со многу неточности и со многун повреди на процедурите што сите нас ќе не доведат пред дилема за тоа што всушност навистина сме сакале да направиме.

Овој Предлог-закон кој денес е пред Парламентот, што денес парламентарното мнозинство...

**Љубиша Георгиевски:** Ќе отвориме општ претрес по законот. Сега зборувајте за амандманот.

**Џевад Адеми:** Ве молам господине Ѓеоргиевски, јас имам почит за интелектуалната димезија на третирање на проблемите од ваша страна. Дозволете транспарентноста да не ја ограничуваме само на една железна волја на овој министер, на оној директор на Агенцијата, или на оној началник на сектор. Значи, транспарентноста сепак е морална категорија која е многу поширока отколку волјата на овој или оној висок службеник на МВР. Токму за оваа димензија сакам, всушност настојувам до левата страна на Парламентот, да ја проследам мојата вознемиреност дека многу пати како пракса, во име на транспарентноста, се направиле најголемите прекршувања и повреди, се направиле најдискутабилните дејства и најспорните дејства, исто така и нетранспарентни. Која е таа филозофија која би ги водела високите службеници на МВР, која е таа почит на транспарентноста во исполнувањето и уште на една обврска, почитувани колеги, обврска која произлегува од Рамковниот договор, за правичната и соодветната застапеност на претставниците на немнозинските заедници во раководните инстанци на полицијата, кои, за жал сега веќе со нетранспарентни дејствувања се повредуваат, се прекршуваат, се деградираат и потценуваат или понижуваат.

До колку во овој значаен сектор каде ние како држава имаме обврска да ја приближиме државата колку што е можно поблиску до европските стандарди и уште на почетокот на практикување на власта од ова актуелно парламентарно мнозинство, на нетранспарентен начин, во највисоките управувачки раководни нивоа се именуваат лица од семејството, лица од затворените кругови на овој или оној висок службеник, опфаќајќи ги тука и премиерот на Владата и претседатели на партиите, партиципиенти во оваа Влада. Да размислиме сите заедно за транспарентноста во разрешувањето на началниците на полицијата во Тетово, Струга, Гостивар, нивното распоредување во анонимни полициски станици и нивното заменување на "транспарентен начин", со шофери, со телохранители, со луѓе кои не исполнуваат ниту еден од овие стандарди или определби во член 22 од предложениот закон. Затоа силно го поддржувам предлагачот на овој амандман затоа што работите кои се ставени намерно да го покријат тоа што навистина го изразуваат, значи работите кои се користат за создавање на претходно алиби, а кои ќе се направат во спротивност со тоа што го изразуваат, подобро е да не постојат отколку да постојат таквите работи, уште повеќе кога на намерен начин се обидуваат да заменуваат една норма, јасно прецизирана, точно прецизирана и без епилог. Значи ова прашање не ја уредува волјата на министерот за внатрешни работи. Ова прашање од Анексот б) на Охридскиот договор го апсорбира на транспарентен начин затоа што тоа се прави со гласање, со расправа, со јавно предлагање и се прави за избор на повеќе кандидати. Значи, тоа го прави општинскиот совет.

Дозволете ми уште еднаш да повторам. Транспарентноста која се претвара во својот опозит, значи во спротивното, подобро е да не постои. Затоа јас ќе гласам за амандманот на госпоѓата пратеник поради фактот што кога ние една година расправавме и разменувавме филозофски концепти за уредувањето и функционирањето на полицијата со министерот за внатрешни работи од нашата владина коалиција и кога ние не го поддржавме овој закон, не ни беше проблем да гласаме, имавме и парламентарно мнозинство, имавме и Бадинтерово мнозинство. Меѓутоа, токму концептуалните несогласувања,опфаќајќи ја тука и оваа злоупотреба на граѓанската вредност која го подразбира поимот транспарентност, треба да го натера актуелното мнозинство од левата страна на Парламентот, да размисли зошто се случи ова. Не е прашање на инает, ниту е прашање на каприц. Поради оваа причина, ја потсетувам госпоѓа Бонева дека ние не интервениравме амандмански затоа што овие работи не се менуваат со амандмани.

Предложениот амандман од пратеничката Роза Топузова - Каревска не го подобрува квалиетот на законот туку само повлекува една категорија која како таква, до колку остане ќе биде силно алиби за да се оправда спротивното,токму нетранспарентноста, така како што министерот за внатрешни работи минатата недела и направи, токму повикувајќи се на транспарентноста, токму проследувајќи ја пораката дека од сега натаму во таканаречената институција, полиција, критериумите на застапување, на унапредување на раководството, нема да бидат професионализмот, нема да бидат исполнувањето на предвидените услови со закон, туку критериум за тоа ќе биде волјата на овој или оној. Слушајте ме, волјата на овој или оној локален ајдук кој со својата продолжена рака на раководните нивоа на полицијата, претходно на "транспарентен начин", ќе создаде начин за поништување на законот, и терен за создавање на услови, ние да бидеме се, не и законска држава.

Дозволете на крајот да споделам со вас едно мое вознемирување дека и парламентарната група на ДУИ и ПДП имаме почит и длабоко клекнување пред сите оние политички делувачи на ВМРО, што со право и госпоѓата пратеник Јаневска и реагираше. Имаме почит за сите оние што како последица на танспарентните належности на полицијата биле жртви, биле прогонуваме, биле осудени и го дале и својот живо, затоа што подобро од било кој друг знаеме ние пратениците од ДУИ и ПДП. Знам јас, Џевад Адеми за тоа што значи да бидеш жртва на транспарентните процедури или постапки на таканаречениот полициски орган, на "транспарентната филозофија", на службениците на институцијата наречена МВР, на филозофскиот концепт и

менталната конструкција "транспарентна", на онаа димензија која преку униформата, преку оној инструмент чие начело е заштита на слободата, на правото и на јавниот ред и мир и на животот на граѓанинот, а всушност го прави спротивното. За жал, последните дејствувања кои ја носат фирмата на министерот за внатрешни работи, за "транапарентно разрешување", ме вознемируваат и ме принудуваат овде пред вас, од ова ниво, да го дигнам својот глас и уште еднаш да кажам, дуваат лоши ветришта во Македонија токму поради оваа нетранспарентна постапка.

Ви благодарам господине Ѓеоргиевски.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јавува господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседателе,

Јас внимателно го сослушав претходниот дискутант. Тој говори дека наводно ние сме назначиле началници во полиција, без соодветно образование. Јас би му рекол, слободно господинот Џевад нека си го види своето образование, каде го стекнал, да не ги гледа началниците кои ги назначивме ние сега, бидејќи тие кога го завршиле своето образование, господинот Џевад бил низ Тирана и Приштина за да ја купи дипломата. Јас жалам што тој се сомнева во лицата кои ги назначивме како началници, кои имаат соодветно образование и тоа на транспарентен начин.

Се разбира дека кај ДУИ и кај Џевад Адеми има загриженост поради фактот што многу нивни началници во полицијата, во соработка со функциониерите на ДУИ вршеле организиран криминал и сигурно ние тие ќе ги направиме транспарентни, а транпарентноста ќе биде јасна, брза и позната за целата јавност.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика се јавува господинот Џевад Адем.

**Џевад Адеми:** Господине Ѓеоргиески, јас се извинувам за смалувањето на нивото на дискусија. Значи кој има мува позади увото, нека се чеша. Јас сум наобразован чоек. Цел живот, или сум бил по затвори, или сум се борел за правата на мојот народ. А за лицето за кое говори Ружди, го познава цело Тетово.

Дозволете да завршам, значи не сакам да го намалам нивото на дискусија.

**Љубиша Георгиевски:** Нека повели Блерим Беџети, има збор.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам господине Ѓеоргиевски.

Почитувани присутни, Законот за полиција, или народно речено полицијата, претставува слика на секоја држава но и на Република Македонија, пред многу очи, како внатрешни така и надворешни. Истовремено граѓаните на Република Македонија секојдневно се соочуваат со полициските органи кои се обврзани да го штитат мирот и целиот нормативен дел и уставен и законски, во Република Македонија.

Амамндманот на госпоѓа Роза Топузова Каревска е од големо значење. Иако мислам малку поинаку, но е значаен, бидејќи засега е еден значаен елемент во последно време.

За една транспарентна работа треба да говориме поинаку, а не само со едно завршување на реченицата. Доколку ја видиме потребата каде се споменува овој збор повеќе ова ми личи како едно дискреционо право на лицето кое ќе раководи со ресорот за внатрешни работи одошто транспарентна работа и транспарентна постапка. И би било сходно некој да го елаборира што се подразбира со транспарентна постапка. И нека ми докаже дека под транспарентна постапка не се крие едно дискреционо право на лицето кое ќе раководи со секторот. Но со самиот факт и претходните говорници моите колеги го нагласија тоа дека овој закон е предложен, е изготвен од министерот на минатата Влада господинот Џанго, а не од госпоѓата министер Јанкулоска. Сигурно дека има некоја забуна и не е интервенирано на време со самиот факт дека ова не е производ од мојата лева страна овде каде што седиме, односно не е производ на ВМРО-ДПМНЕ, туку е производ на СДСМ. Се извинувам, ова е една дигресија и ме чуди тоа, навистина се чудам кога пратениците на ДПА го штитат, многу го бранат овој закон кој е предложен и изготвен од кадар на СДСМ каде за цело време фрламе со дрва и камења врз СДСМ. Затоа, нека бидат воздржани по можност во однос на предложените амандмани во однос на законот за полиција.

Многу е значајно да се дефинира транспарентната постапка. Би било добро овој закон кој произлегува од духот на Охридскиот рамковен договор, од духот на Охридскиот договор кој е создаден во 2001 година и уште еднаш го докажува тоа зошто ние не се потрудивме да предложиме наши амандмани, бидејќи сме убедени дека преку амандмани нема да може овој закон да претрпи концептуални измени како што ние тоа го замислуваме. И овој член е еден од тие дека имаме концептуални разлики во однос на транспарентноста. Затоа користејќи го законското право би било добро да се повлече овој закон, а за тоа имаат време. Овој член и многу други членови и амандмани и законот да се подготви добро и да ни се врати овој закон со реформски дух, но и еден реформски член каде ќе се опфати на дециден и прецизен начин транспарентноста, а не само да се избрише еден мал збор во однос на декорот на овој член. За да се брани еден закон било и еден член од тој закон треба да бидат тука луѓето кои го изготвиле, а јас тие луѓе овде не ги гледам кои го изготвиле овој закон. Затоа повикувам на госпоѓа министер Јанкулоска да го повлече законот во целост. Ценам дека нема потреба за едно брзање, извонредно брзање за носење на

овој закон. Имено, јас говорам за предложениот амандман од госпоѓа Роза Топузова Каревска и го користам правото во мојата расправа во врска со овој предложен амандман со забелешките кои јас како пратеник и нашата парламентарна група ги поставува, го користам правото да и помогнам на госпоѓа Јанкулоска да го повлече овој закон. Треба да го повлече поради следните причини кои неколку ги наведов, а неколку други причини...

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е на дневен ред. Станува збор за амандманот.

**Блерим Беџети:** Господине Георгиевски, јас со мојот капацитет знам што треба да говорам. Вие доколку имате сугестии во однос на овој амандман, земете збор, а ние нема да ви го одземеме тоа право. Јас се трудам да го убедам предлагачот на законот и пратениците кои се од мојата лева страна дека овој амандман треба да претрпи измени. Значи, соодветниот амандман треба да претрпи измени, но и подлабоко. Затоа дозволете ми да продолжам со моето излагање да дадам еден придонес за предложениот амандман во однос на овој член, а кое ќе биде од полза за сите граѓани на Република Македонија без разлика дали се македонци, или албанци, сите утре ќе се соочат со нормативниот дел на овој закон. Овие се причините поради кои побарав од предлагачот да даде едно објаснување што сакал да постигне со реченицата каде што вели: "Секторот за внатрешни работи го назначува и разрешува министерот од редот на вработените во транспарентна постапка". Каде и најголемиот лаик кој припаѓа на правосудството ќе види дека нема ништо заедничко со транспарентноста, господине Георгиевски. За да имаме транспарентност би било сходно да се интервенира и во погорниот став со самиот факт дека многубројни се разликите било од аспект на транспарентност и друг аспект каде во овој член се предвидува да се уреди за началници на сектори, а каде се бара работно искуство од најмалку 12 години од кои 4 години на раководно работно место. И во овој дел од овој член треба да се интервенира, неизбежно е дека треба да се интервенира и во овој дел. Ако направиме една споредба која нема да биде толку убедлива пред предлагачот, но и покрај тоа ќе се потрудам да го направам тоа во другите ресори на нивните колеги. Никаде не се предвидува да има најмалку 12 години работно искуство. Знаејќи ја мултиетничката реалност на оваа држава, знаејќи го и минатото колку биле вклучени посебно граѓаните кои ги застапувам, односно албанците дека многу малку биле вклучени во институцијата на Министерството за внатрешни работи, или порано поинаку била назначена. Би било добро предлагачот да го ревидира и овој став од овој член за да ги намали критериумите каде се предвидува работното искуство. И во самото експозе на предлагачот се вели дека еден закон кој произлегува од Охридскиот рамковен договор и по тој Рамковен договор албанците почнаа, но верувам и другите заедници немнозински во оваа држава почнаа да се вклучуваат во поголем број и во институцијата Министерство за внатрешни работи. Значи, за сето ова да има една кохабитација меѓу овие две работи. Би било добро критериумот за да се биде началник со работно искуство од 12 години да се размисли добро за да биде тој прифатлив и за генерациите кои доаѓаат. Не велам целосно, туку за генерациите кои доаѓаат и по Охридскиот рамковен договор кои се вклучени во Министерството за внатрешни работи. Мислам дека е крајно време и затоа ја охрабрувам госпоѓа Роза Топузова Каревска која ни го поднесе овој амандман во однос на членот 22 став 3 во однос на транспарентност. Мислам дека е крајно време Република Македонија, односно граѓаните на Република Македонија двата најголеми етникуми кои живеат во Република Македонија, македонците и албанците без да се иземат и другите заедници каде сите, буквално сите имаме забелешки во однос на нашето минато за поведението и постапките на полицијата, или на Министерството за внатрешни работи каде и самата партија носител на ова парламентарно мнозинство, ако не грешам ВМРО-ДПМНЕ има многу забелешки во однос на минатото. Јас реков и ќе повторам, не ја разбирам ДПА, напаѓајќи го СДСМ истовремено штити и брани еден закон изготвен од кадар на СДСМ. Затоа повикувам на ВМРО-ДПМНЕ која исто така има многу сериозни забелешки во однос на минатото, посебно од клучниот орган на секоја држава, верувам дека вака треба да биде и за Република Македонија. Еден значаен столб во Република Македонија треба да биде Министерството за внатрешни работи каде граѓаните од сите области на животот и добро е што се соочуваат со полициските органи. Да ја прифати интервенцијата и на друго место. Со самиот факт дека има разни прогонувања, реперкусии и ако ја повикувам да го прифати овој амандман го користам правото ВМРО-ДПМНЕ да зрачи позитивно во однос на самата себеси и нивната идеологија, бидејќи и покрај тоа имаме разлики и во однос на идеологијата. Значи, ВМРО-ДПМНЕ предлагам да го повлече овој закон од парламентарна постапка. Дозволете ми да привршам. Значи, ВМРО-ДПМНЕ да го повлече овој закон во целост не само да ја прифати оваа интервенција амандманска на госпоѓа Роза Топузова Каревска, туку да го повлече законот за да го прочита тоа што се повикува на своето минато и нивните реперкусии поради нивната идеологија.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ВМРО-ДПМНЕ не е предлагач на овој закон за да може да го повлече. Предлагач на овој закон е Владата.

**Блерим Беџети:** Благодарам за сугестијата. ВМРО-ДПМНЕ јас знам дека не е предлагач на законот. Уште еднаш ќе повторам, како носител на ова парламентарно мнозинство на оваа владина коалиција и поради оваа причина мојот предлог го упатив до субјектот кој го кажав малку претходно, бидејќи тие се и ние како

парламентарна група. Вие ме принудувате да го повторам тоа. Значи, за да имаме еден реформски закон, транспарентен закон, овие се причините поради кои со инсистирањето и на ВМРО-ДПМНЕ треба да се повлече овој закон од парламентарна постапка. Значи, сугерирајќи како што ние го велиме и тие го велеа тоа во однос на прогонувањата кои ги доживеаја албанците и македонците како што велат тие поради идеологијата на ВМРО и во функција на ова би било сходно овој закон изготвен од минатата Влада односно од господинот Џанго да се повлече и да се изготви, или за да не продаваме демагогија нека се прифати јавно дека овој закон е добар и нема почит за сето тоа што го кажа Весна Јаневска. Но, ова се коси со сето тоа што тие го кажаа. Затоа крајно време е, бидејќи се потрудивме со сите демократски средства да ве убедиме дека имаме концептуални разлики во однос на овој закон кој произлегува од Охридскиот рамковен договор од кој никогаш нема да се повлечеме дека овој закон треба да се донесе врз начелото на Бадинтер, односно со двојно гласање. Значи, за да имаме време и идеолошки и концептуално и реформски и да биде многу поприфатлив за самите граѓани на Република Македонија.

И во однос на евроатланските структури каде што се залага Македонија да се интегрира. Во оваа фаза за овој амандман уште еднаш го повикувам предлагачот да го прифати овој амандман, бидејќи транспарентноста е од големо значење, во прв ред за самите граѓани, бидејќи владите доаѓаат и си заминуваат и се менуваат. Но, со тоа што се повикува и самиот предлагач во своето експозе Охридскиот рамковен договор е тој кој е воведен и во самиот Устав. Јас потсетувам дека не е над духот на Охридскиот рамковен договор кој е исто така интегрален дел на Уставот на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Министерот Јанкулоска побара реплика. Повелете.

**Гордана Јанкулоска:**Благодарам претседателе. Пред да продолжиме по однос на претресот на амандманите, јас би сакала само да повторам дел од работите кои ги презентирав на матичната комисија и на другите комисии во текот на собраниската расправа. По однос на овој закон во однос на постапките и во однос на она што повеќе пати беше потенцирано од повеќе пратеници на денешнава седница. Имено би сакала само да потсетам дека по однос на овој закон во наредните 12 месеци по неговото усвојување од страна на Собранието на Република Македонија ќе бидат донесени околу 140 подзаконски акти кои детално ќе ги регулираат сите прашања за кои денес тука дебатираме. Исто така, уште еднаш сакам да потенцирам дека законот за полиција како еден од клучните закони за евроинтегративните процеси на Република Македонија е резултат на една поширока јавна дебата и претставува предлог на стручниот тим од Министерството за внатрешни работи кој понатаму во соодветна постапка го достави до Владата на Република Македонија, а согласно Деловникот на Собранието, Владата на Република Македонија го достави законот на разгледување на Собранието на Република Македонија. Сите останати конструктивни забелешки од пратениците до крајот на дебатата ќе бидат земени во предвид.

**Љубиша Георгиевски:** Ова беше реплика, вие можете контра реплика една минута.

**Џеват Адеми:** Ќе ми биде доволно една минута. Ќе ја прашам министерката јавно пред оваа говорница. Која транспарентна постапка се почитуваше кога го разрешивте началникот во Тетово и го заменивте со човек од улица. Човек кој последните три години бил телохранител. Која транспарентна процедура ја почитувавте кога кенлерот во Струга го назначивте за заменик началник. Која транспарентна постапка ја водевте кога докажаниот борец против криминалот во Тетово го заменивте со еден од контраверзните АЛФИ токму од Тетово.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Хани Тахир.

(Кон говорницата доаѓа Рафис Алити).

Сите имате реплики, ама беше контра реплика на репликата на минстерот.

Дали има некој процедурално.

**Рафис Алити:** Јас.

**Љубиша Георгиевски:** Повелети господине Алити.

Сакам да ви кажам пред да интервенирате дека речта на министерот беше реплика три минути и речта на Адеми Џеват беше според, контра реплика. Сега вие можете да имате збор, или процедурално.

**Рафис Алити:** Процедурално.

Јас побарав процедурална забелешка, не барав да расправам, така што вие господине Георгиевски ве разбирам, вие уште не сте стекнале рутина. Вие сте само месеципол на оваа функција. Реплика, контра реплика, говор на минстерот, тоа не зависи колку долго ќе говори. Значи кога се јавува госпоѓата министер, треба да каже дека реплицира на претходниот говорник, кој што имаше збор. Или пак, им реплицира на сите пратеници кои што говореа. Така да е сосема нормално за нас како пратеници, доколку ни се каже дека ова е реплика, ние после да реплицираме и тоа да го сметаме како говор, дискусија на министерот и врз основа на тоа се определува дали е реплика, контра реплика итн, а не врз основа на тоа дали кажува една реченица, или дискутирала три минути.

Значи, тука е мојата процедурална забелешка. На кого дава реплика нека каже министерката и ние ќе го уважиме тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално има госпоѓата министерка.

**Гордана Јанкуловска:** Ќе го повторам она што го кажав во насока на појаснување, како одговор на неколку пратеници од пратеничката група на ДУИ беше моето излагање.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има право да даде само господинот Блерим Реџепи.

**Рафис Алити:** Сакам да дадам процедурално.

Така како што се произнесе министерката, таа им реплицира на сите поранешни дискутанти, што значи дека сите тие имаат право да земат збор по три минути и да и дадат контра реплика на министерката. Бидејќи не може да им даде реплика на сите говорници. Затоа реков дека ние како парламентарна група, дискусијата на министерката ја сметаме како дискусија, а не како реплика, бидејќи нема смисла за две минути да им даде реплика на сите пратеници на една парламентарна група. Може на последниот пратеник кој имаше збор.

**Љубиша Георгиевски:** Дали бара уште некој процедурално?

Ружди Матоши има реплика на Блерим.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседателе, јас ја ислушав добро дискусијата на господинот Блерим Беџети. Тој не обвини нас за непрофесионални лица, кои што работеле непрофесионални луѓе итн. Беким Баута е кенлер, меѓутоа одпуштен од работа, бил вработен таму, а кога дојде на власт ДУИ, него го одпушти од работа, а тој е факултетски образован. Сејфа кој што ќе биде началник на Секторот за внатрешни работи во Тетово, исто така е факултетски образован и одпуштен од работа од страна на ДУИ кога дојде на власт.

Јас само сакам транспарентно да ги кажам овие работи. ДУИ има за модел реваншизам и ликвидирање или одпуштање од работа членови на ДПА.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално има господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Господине претседателе вие како претседавач треба навистина да го државта редот на говори. Пратениците од ДУИ побараа процедурално. Процедурално побаравме и против реплики на министерот, вие никому не му дадовте збор, а се повикувате само на Блерим Беџети, а и други побаравме збор. Додека на господинот Матоши му давате збор, а тој се јави последен за реплика. Или требаше да побара веднаш по излагањето на Блерим Беџети, а не да се чека говорот на министерот, а после да му се даде збор на господинот Матоши. А тоа дека ДУИ нема одпуштено никој од работа, крадците и тие што го кршеле законот, сами излегоа од работа. Тоа да го знаеш. Напротив, на кадарот на ДПА, секогаш сме им давале решение за работа. Но вие секогаш сте се занимавале со невистински работи, бидејќи како ментална склопка се тоа што сте.

**Љубиша Георгиевски:** Нека повели за контра реплика господинот Блерим Беџети.

**Блерим Беџети:** Јас ве жалам господине Матоши, што не сте ме разбрале добро како што кажав јас. Воопшто не се знаимавав со Струга и Тетово или кој е именуван или разрешен началник таму. За тоа сте слушнале од некој друг колега и јас уште еднаш ќе ве потсетам, доколку сакате да реплицирате зошто ДПА толку многу се става во одбрана на овој закон кој што е предложен, всушност изготвен од поранешната Влада, значи од СДСМ, а вие цело време го критикувате СДСМ. Со тоа се чудам зошто толку многу инсистирате да браните еден закон изготвен од оние кои што толку многу ги критикувавте.

Што се однесува до другото, јас мислам дека сте грешка. Јас воопшто не сум се занимавал со тоа.

Ако може да ја искористам приликата додека сум овде, госпоѓо Јанкуловска...

**Љубиша Георгиевски:** Измина една минута. Готово завршивме. Имате сите право на збор.

Има збор господинот Владимир Ѓорчев.

(Кон говорницата се упатува господинот Џеват Адеми).

Причекајте една минута. Ајде.

**Џеват Адеми:** Благодарам, господине претседателе, ти благодарам затоа што ми го отстапи твоето право. Уште еднаш ќе го кажам тоа што Ружди ненамерно не ми реплицирал мене.

Ќе се обратам до меѓународната јавност, доколку министерката не е спремна да даде одговор. Во Тетово, во Струга, во Гостивар, се разрешуваат раководители, кои се докажале во борба против криминалот. Се назначуваат на чуствителни одговорни раководни места луѓе од улица, луѓе со криминално досие. Каде не води ова? Тоа ми беше целта.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално се јави господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Тие кои вршеа криминал и тие кои вршеле организиран криминал се имено, вашите началници. Тие убија три млади момчиња. Над 200 убиства има во Тетово, Џеват. Кој ги направи тие убиства? Ги направи ти и твојата партија. Ти и твојата партија ги направи сите убиства. Денеска излегуваш на говорница да ни кажеш што е демократија и кој врши демократија.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам 15 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи во 13,10 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, да ги заземат своите места затоа што наскоро ќе продолжиме со претрес по амандманите.

Продолжуваме со седницата.

Процедурално бара господинот Адеми.

**Џеват Адеми:** Господине Георгиевски, од оваа говорница во овој Парламент се кажаа зборови кои се под достоинството на овој орган.

Пратеникот Ружди Матоши ја обвини парламентарната група на ДУИ и ПДП, спомна конкретни имиња дека наводно тие се одговорни за убиства кои се случија во изминатите 4 години во Македонија.

За зачувувањето на нивото на овој законодавен орган, за зачувување на достоинството на моите колеги, за почитување на чувствата на семејствата на несреќните жртви дистанцирајќи се од неговите монструозни квалификации, барам овој Парламент да создаде ад хок комисија која ќе ги расветли овинувањата, комисија која ќе ги расветли квалификациите, комисија која ќе ја расветли црната дамка која се обидува пратеникот Ружди Матоши да ја фрли врз целото албанско население, народ, врз претставниците на најголемиот дел на албанскиот народ во Македонија.

Барам овој Парламент да се изјасни и да заземе став за овој атентат на адреса на нивото, атентат на адреса на релевантност и атентат на адреса на институцијата наречена парламент. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедуралната поука од ова, постапете деловнички, обратете се писмено, па ќе видием како ќе решиме.

Господинот Манасиевски бара процедурално.

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине претседателе, се јавувам во врска со штотуку пристигнатите амандмани од Владата на Република Македонија . Пристигнати се повеќе амандмани со кои суштински се менуваат начелата на кои се заснива законот и врз основа на член 170 од Деловникот, а и врз основа на договорот што беше на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците кога беше истакнато од повеќе членови на ова работно тело дека, до колку пристигнат амандмани на Владата кои суштински го менуваат текстот на законот, ова работно тело на Собранието ќе треба повторно да заседава.

Да потсетам, со амандманите што Владата ги предлага, драстично се намалуваат критериумите за повеќе функции предвидени со овој закон, за раководител на сектор потребниот стаж во полицијата од 12 се намалува на дури 6 години, а за командир на полициска станица од 10 на 6 години. Значи, ваквите драстични намалувања на работното искуство всушност ги менуваат утврдените начела на кои се заснива законот, а тоа е компетентност во извршувањето на овие функции.

Оттаму барам да ја прекинете расправата и работното тело Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците да заседава во таа пауза и да изгради став врз основа на овие амандмани од Владата кои го менуваат текстот на законот на драстичен начин. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Имате право дека Комисијата треба да се состане, но мислам дека ќе имате време да се состанете утре. За да не ја прекинуваме денешната седница можете да се состанете утре од 9,00 до 11,00 часот, од 11,00 часот ќе ја почнеме седницата и таа работа да се реши. Благодарам на интервенцијата, а сега продолжуваме со претресот по амандмани.

Нема повеќе процедурални, повелете

Владимир Ѓорчев.

(Реакција од страна на пратениците од ДУИ).

Повелете, кој точно бара збор?

Рафис Алити ли бара збор како координатор или не?

Повелете господине Буџаку, да ја продолжиме расправата по амандманот.

**Агрон Буџаку:** Во моето барање кое го упатив господине Георгиевски, вие наметнувате еден диктаторски систем на претседавање на седниците. Да ве потсетам, со тоа што го изгласавте, а не ние, вие сте првиот меѓу еднаквите и сте непартиски на таа функција. Можете да земете збор како партиски член од говорница. Не може некому да му дадете збор за процедурално, а некому да не му дадете. Ова не е дозволено во еден парламент. Ако Парламентот ги крши законите што можеме да очекуваме од другите институции.

Пораката што ја упатувате е порака на воспоставување на диктатура на едноумие јас ќе одлучам и никого не прашувам.

Госпоѓицата Јанкуловска во име на Владата зеде збор, можеме да го побараме стенограмот, таа побара збор, па до колку претставникот на Владата добие збор, видете во Деловникот, ние имаме право да му реплицираме. До колку госпоѓицата Јанкуловска направи реплика на неколку претходни говорници тие имаат право на против реплика. Видете колку кршење на процедура имате, ако провериме ќе ни помине цела седница. Не можете да давате збор на друг говорник кога не е објаснета состојбата со претходниот говорник. До колку госпоѓицата Јанкуловска добие збор ние имаме право на реплика. Таа кажа во своето излагање, можеме да видиме од стенограмот, дека им одговара на неколку пратеници, а тие неколку пратеници имаат право на против реплика. До колку вие го оневозможувате дијалогот за кој сите инсистираме, тогаш вие сте против дијалогот и против решавањето на проблемите овде во ова Собрание. До колку во стенограмот се види дека се работи за говор ќе имаме реплики, а до колку госпоѓицата Јанкуловска им реплицира на неколку претходни говорници тие имаат право да и дадат против реплика. Вие го немате правото да ја кршите процедурата.

**Љубиша Георгиевски:** Сигурен сум дека министерот Јанкуловска доби реплика. Бидејќи јас тоа го дадов како реплика можете да проверите

во стенограмот. Сигурен сум дека после министерот Јанкуловска говоревте двајца или тројца. Што беше тоа?

Има збор Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе,

Само би кажал неколку работи кои се однесуваат на овој амандман, а тоа е дека во Матичната Комисија во која има претставници од речиси сите политички партии и каде претставници на една политичка партија ја пропуштија дискусијата, имавме едногласно усвојување на законот за полиција и препораките односно заклучоците кои таму ги донесовме.

Исто така детално беше објаснето дека голем дел од материјата која се однесува на полицијата и на МВР ќе се регулира со подзаконските акти кои треба да бидат околу 140.

Значи, законот за полиција ја дава главната рамка, законот за полиција ќе ги нормира оние работи кои се егзизтенционални за полицијата, она што се однесува и што се покрива со овие амандмани понатаму ќе биде регулирано со подзаконските акти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Буџаку реплика.

**Агрон Буџаку:** Јас ќе повторам, не знам да ги цитирам верските книги, меѓутоа, во една книга буквално се вели: "прости им Боже не знаат што прават". До колку е од незнаење Господ и другите ќе простат, меѓутоа, до колку вие воспоставите една практика на замолчување на демократијата кршејќи го Уставот и процедурите изгласани овде во Парламентот, тогаш нема Господ, кај Господ одговарате за други работи, но ќе треба да одговорите и тука господине Георгиевски.

Тоа што рече претходниот говорник, јас ќе повторам и јавно го повикувам господинот Ѓорчев како човек со големо искуство во односи со медиумите да излеземе заедно на првата пауза и да му кажеме на народот преку медиумите за што се говори тука. За инает на нештата го закопав мојот син, до колку се работи за инает, тогаш да се разјасниме пред народот, меѓутоа, нема логика и не може никого да го убедите затоа што е факт дека оваа Влада ни го поднесе овој Предлог закон и оваа Влада која толку се бавеше со економијата, всушност се бави со кадровски промени кои ги прави уривајќи ги сите процедури. Сега да излеземе и пред народот да го одбраниме нашиот став зошто не го поддржуваме овој закон и својот став да го брани господинот Ѓорчев пред медиумите зошто тие го бранат овој закон. Ова е тоа што го правам јавно.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за господинот Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Господине Буџаку и вие сте исто така со искуство во медиумите и во политичкиот систем и во времето кога бевте министер за транспорт и врски, како што добро се сеќаваме. Само би кажал дека всушност на ова место ние ја имаме нашата дебата пред јавноста и одговараме пред народот и граѓаните.

Нема проблем, можеме да даваме изјави, можеме да се соочиме во јавноста на различни форми на различни прилики и пред различни средства за информмриање на јавноста. Но, во институционалните либерални демократии каква што е нашата татковина ваквите дебати можеме да ги имаме и тука и тие се одвиваат тука. Ние веќе дебатираме и добро е што е така.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, сега на зборот на Ѓорчев се појавија тројца за реплики. Едниот беше на време, а другите двајца вршам позитивна дискриминација, верувајте ми, немате право на реплики, но ако имате нешто да исправите некаква неточност во изјавата на Ѓорчев, а бидејќи не сте апострофирани лично, повелете.

**Александар Николовски:** Јас би ве замолил и вас и колегите пратеници да овозможиме дискусија заради тоа што не може да има контра реплика на реплика на владин функционер.

Последните тројца се јавија откако Владимир Ѓорчев зборуваше. Значи на неговата контра реплика. До колку сакаат да имаат дискусија тоа никој не им го забранува, но на контра реплика контра, контра реплика е невозможна.

**Љубиша Георгиевски:** Точно тоа и го реков. Зошто не земете дискусија.

Повелете господине Алити.

**Рафиз Алити:** Благодарам. Уште еднаш жалам, навистина жалам, господинот кој побара процедурално јасно се гледа дека не знае што е реплика што е контра реплика. Му се опростува бидејќи е за прв пат во оваа сала, нов пратеник, обично овие грешки ги правеа и претходните пратеници, тоа е сосема нормално. Веруваме со време дека ќе научи што е реплика, што е контра реплика и што е говор. Му се опростува бидејќи е млад.

Господинот Ѓорчев, не знам како се вика, говореше за подзаконските акти дека ќе ги има 140 на број кои ќе се донесат во однос на овој закон. Пратениците на мнозинството односно ВМРО-ДПМНЕ не дека не го прочитале законот, но до колку го прочитале не го разбираат што се крие внатре во овој закон. Ова што зборуваме цел ден во однос на транспарентноста јасно се гледа дека законот не го прецизира тоа. Тој ни говори за подзаконски акти кои ќе произлезат од овој закон. Ние сме лица со одговорност, пратеници кои го добивме гласот од народот. Треба да судиме политички какво ќе биде нашето влијание утре кога ќе се донесат тие подзаконски акти. Законот кој е изготвен создава многу забуни кај пратениците бидејќи работите не се прецизирани до крај.

Госпоѓицата министер се гледа дека не го прочитала законот или го прочитала, но не го разбрала, ни говори за јавна расправа. Јавна расправа имаше за Законот за локална

самоуправа и тоа пред 3 години, па пак не е совршен Закон и бара да се интервенира во тој Закон.

Би побарал од парламентарното мнозинство навистина да ни каже каде се одржани тие јавни расправи. Одржани се во МВР или таму каде треба да се одржат тие јавни расправи, тие тркалезни маси така што откако го знаеме значењето на овој закон, не случајно го споревме во прва фаза каде и координаторот на ВМРО-ДПМНР учествуваше во однос на овој Закон и го оспори. Ме чуди како денеска го прифаќаат овој Предлог на закон со толку нејасни работи. Навистина е за жал за ова парламентарно мнозинствио, не за нас кои сакаме да дадеме еден позитивен придонес за да имаме вистински реформи во однос на овој закон. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути има реплика Дураки Садула.

**Садула Дураки:** Господине Георгиевски или пак да не погрешам, господине Ѓорчев, се извинувам, вие не сте незнаени. Сте прочитале доста книги, сте прочитале и романи. Меѓутоа, практичната страна на вашето раководење овде во Парламентот или не сакате да го научите или немате околу вас луѓе кои би заклучиле така како што треба, Вие се однесувате како деспот кон неколку парламентарци, им го земате зборот така како што сакате самите вие. Така што...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, на расправа е амандман. По него дискутираме.

**Садула Дураки:** Сега ќе се занимавам со Ѓорчев.

Овој господин не е нов и за нас Албанците. Не кажува слатки работи, дека наводно, законот ќе се подобри со подзаконски акти. Ние сме свесни и едно време што го поминавме во 2001 година токму во овој Парламент се прекршуваше правото на самоодлучување на Албанците со Бадинтер. Така што, сигурно и во иднина, со овие подзаконски акти на овој господин ќе се прекршуваат и другите права.

Ние мислиме, тоа што треба да се направи од ова место, треба да бидете свесни вие од левата страна дека закон донесен, оваков каков што е, треба да бидат свесни и другите кои говорат албански дека еден ваков закон кој е донесен тука во Парламентот, ќе донесе големи проблеми во Република Македонија. Затоа ние придонесуваме овој закон да се повлече од Парламентот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за господинот Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Господине Дураки,

Факт е дека законот за полиција е нешто што е важно за сите граѓани на Република Македонија и нејзините институции. Во наредниот период би било добро и власта и опозицијата, и ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и ДПА и ДУИ и другите парламентарни партии заеднички да работат, да имаме што е можно подобри институции и тие подзаконски акти, преку разни комисии, преку разни институционални форми да ги подобруваме, да бидат онакви какви што Македонија ќе ја однесат поблиску до Европа.

Ве повикувам заедно, како луѓе кои заеднички се одговорни пред македонските граѓани, да ги набљудуваме, да ги гледаме тие процеси и, доколку се добри, заеднички да констатираме дека се добри. Ако има нешто да се подобри, да ги направиме исправките заедно. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Хани Тахир има три минути.

**Тахир Хани:** Почитувани пратенци, мислам дека Влатко Ѓорчев нагласи дека овој Предлог-закон од страна на Владата е еден предлог доста значаен, доста значаен закон за Република Македонија. Секако, тој и самиот нагласи дека сите политички партии, нагласувајќи ја и ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДПА и ДУИ, треба да постигнат политички консензус.

Ова е длабока противречност од него, во однос на тоа што ние го бараме веќе подолг период, еве неколку дена ние сме одлучни во тоа дека треба да има политички консензус во однос на овој закон. Затоа овде јасно се забележува дека нема консензус меѓу политичките партии, порелевантни, во Република Македонија. Ова е прво.

Втората реакција од Влатко Ѓорчев е таа дека тој треба добро да објасни дека ние, во моментов сме во фаза кога расправаме за законот, кога го спориме Предлог-законот за полиција, а тој ни говори за подзаконски акти што треба да дојдат. Тоа се 140 подзаконски акти. Но, секако, доколку овој Предлог-закон помине и се донесе во варијанта со која што ДУИ имаше спор, уште од периодот кога бевме во Влада и го имаме истиот став, истиот суштествен спор во однос на овој закон, тогаш се поставува следното прашање- Како ќе се формулираат 140 подзаконски акти, дали ќе се косат со Предлог-законот? Барам, бидејќи се работи со голема сериозност, треба да бидеме внимателни во однос на Предлог-законот и на тој начин подзаконските акти да бидат во согласност со законот.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има контра реплика? (Нема).

Збор му давам на Хасипи Кенан.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Би сакал, се разбира, во еден релативно разумно временски интервал да се изјаснам по амандманот на колешката Роза Топузова Каревска. Инаку, амандманот на колешката Роза Топузова Каревска е апсолутно на место.

На ова прашање, во мојот настап на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците се осврнав и јас, давам апсолутна поддршка од причина што без јасно утврдени критериуми,

зборовите "транспарентна постапка" стануваат само декларативни.

Ќе ми дозволите да наведам некои примери на неприменување на транспарентна постапка. Ја користам можноста што во салата е присутна министерката за внатрешни работи. Наиме, пред извесно време, од раководна функција началник на Секторот за управно надзорни работи при Министерството за внатрешни работи е сменет единствениот Тручин на позиција во Министерството за внатрешни работи и истиот е преместен на 6-7 позиции пониско помлад инспектор во Гази Баба. Човек со искуство од 15 години и во Секторот за управни работи се преместува на 6 до 7 позиции пониско, како помлад инспектор во Гази Баба.

Јас имам најмалку причина да ја бранам соодветната особа, бидејќи ниту е член на мојата партија и плус на тоа, во претходниот парламентарен состав жестоко се расправавме околу нашиот Предлог-закон за лчна карта, кога господинот го бранеше ставот на Владата. Зборам од аспект на професионално и квалитетно вршење на функцијата и од неговата етничка припадност, а не од неговата политичка припадност.

Господине претседателе,

Бидејќи ве почитувам како врвен интелектуалец и режисер и добар познавач на состојбите во културата, ќе ви наведам уште два примери на транспарентна постапка. Меѓутоа, овој пат во сферата на културата и ќе ми дозволите, нема да го пречекорам времето.

**Љубиша Георгиевски:** Вие имате збор, говорете.

**Кенан Хасипи:** Имено, пред извесен период една штотуку формирана Управа за унапредување на културата на заедниците во Република Македонија, што требаше да ја реализира благородната идеја за заштита и унапредување на културата на сите заедници, е буквално демонтирана. Тие се сменети, сите, вклучително и директорот на Управата, по "транспарентна постапка", наречена отказни решенија.

Според информациите што ги добивам денеска, се подготвува отказното решение на директорот на Националната установа "Турска драма", особа која што...

**Љубиша Георгиевски:** Добро, добро, во принцип ве сослушав, но сега треба да дискутираме по амандманот.

**Кенан Хасипи:** Ќе ве молам, ќе ја завршам дискусијата. Меѓутоа, ова морам да го кажам во интерес на јавноста.

Особа која што во периодот на неговото директорување ги освои сите награди во Република Македонија и вон неа, вклучително наградата "11 Октомври" и наградата"13 Ноември", постапката е транспарентна-отказно решение.

Ќе ве млам господине претседателе, ние, не само според Законот за полицијата...

**Љубиша Георгиевски:** Господине Хасипи, стар сте парламентарец, тоа спаѓа во прашање до министерот. Имаме институт парламентарен, благословен, ќе го прашате министерот за култура за тоа. Немојте сега. Сега тераме амандманска расправа за Предлог на законот за полицијата.

**Кенан Хасипи:** Еве, сега ќе се осврнам на законот.

Не само во однос на законот за полиција, еве сега ќе се осврнам на законот, јас наведувам примери на транспарентна постапка и пвиот пример ви беше Министерството за внатрешни работи.

Сакам да кажам...

**Љубиша Георгиевски:** Дозволете, без да се караме, спокојно, спокојно.

Транспарентна постапка, што имате вие против транспарентна постапка како таква. Тоа ли е нешто лошо...

**Кенан Хасипи:** Ќе ви објаснам господине претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Кенан Хасипи:** Според мене, транспарентна постапка, само како два збора, ништо не објаснуваат. Транспарентната постапка подразибра јасно дефинирани критериуми за стекнување позиции во сите структури и на сите нивоа во Министерството за внатрешни работи.

**Љубиша Георгиевски:** Така е. Затоа водиме амандманска расправа.

**Кенан Хасипи:** Дали тоа ќе биде со јавен оглас, дали тоа ќе биде со интерен оглас, дали тоа ќе биде со акт на министерот за внатрешни работи, треба да знаеме господине претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Па затоа се амандманите.

**Кенан Хасипи:** Овде, за носителите на функции се утврдени две работи: должина на работен стаж и соодветна стручна подготовка. Со таа должина на работен стаж и со таква стручна подготовка, можат да се јават 10 или 20 особи. Која ќе биде процедурата на изборот? Кои ќе бидат критериумите? Тоа не стои во законот. И тоа не зборувам само за овој закон, туку за сите закони...

**Љубиша Георгиевски:** Не го спорам јас тоа. Јас спорам да говориме за амандманите, а не за театрите. Јас тоа го спорувам.

**Кенан Хасипи:** Господине претседателе амандманот се однесува на транспарентна постапка. Постапката не е транспарентна до колку нема утврдени критериуми. Јас никаде во законот не гледам критериум.

(Пратеникот Лилјана Поповска бара збор процедурално, а на тоа има реакција од поедини пратеници).

**Љубиша Георгиевски:** Не, не.

Ве молам, ве молам.

Ве молам тишина.

Тишина. Овде разговараме пет часови...

(Меѓусебни дофрлувања од пратениците).

Тишина, ве молам тишина.

Овде пет часови разговараме за една синтагма "транспарентна постапка". Дозволете, што нема јас да дозволам, уште Ришелие рекол: "Дајте ми три збора, дајте ми една синтагма и јас ќе докажам да го обесите човекот".

Ако мислите да се фаќате за една синтагма спомната во амандманот на госпоѓа Роза Топузова Каревска, бескрајно пак ќе дојдеме во истата позиција, затоа што е тоа опструкција. Но, јас не мислам така. Уште намам причини да мислам дека вие опструирате.

Јас ви се заблагодарувам на конструктивната дискусија до сега, се е сега на ред, но немојте отказите во театар да ги доведување во врска со транспарента постапка. Тоа е сепак премногу.

Ајде, продолжете, продолжете.

**Кенан Хасипи:** Господине претседателе,

Доколку бев вон темата, согласно Деловникот требаше да ми го одземете зборот. Меѓутоа, сепак, не е убаво, дури од позиција на прв човек на Собранието, на секоја изговорена реченица да ми упаѓате во збор.

Уште помалку, на почитуваната госпоѓа Поповска, која пред да завршам јас со мојот говор бара процедурално да настапам. Мислам дека не е убаво. Не е убаво од човечка гледна точка. Ниту пак јас сум дошол со намера да се расправам со луѓето овде. Ниту тропам, ниту викам, ниту ништо. Меѓутоа, доколку вака пристојно се однесувам, не значи тоа дека некој на другите им дава право за збор да ми го одземат зборот.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжете, работата беше само тоа што вие не се држите до дневниот ред.

**Кенан Хасипи:** Нема да продолжам со мојот настап.

**Љубиша Георгиевски:** Зборувате за театри.

**Кенан Хасипи:** Нема да продолжам со мојот настап, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално збор има госпоѓа Поповска Лилјана.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе,

Сепак морам да ви дадам процедурална забелешка и да ве замолам расправата да се води онака како што е пропишано по Деловникот, да не се влегува во дебата и во лична дискусија со пратениците. Затоа што, во моментов јас му се извинувам на господинот Кенан Хасипи, ниту најмалку немав намера да го прекинам неговото дискутирање по амандманот. Меѓутоа, наместо да се дискутира по амандман, кога е местото сега во овој момент, практино тој дел од расправата се претвори во ваш дијалог.

Јас би ве молела претседателе да не дозволувате да се злоупотребува вашата толеранција и подготвеност на дијалот. Подготвеност на дијалог секаде-да, меѓутоа тука мора да ги почитуваме процедурите и Деловникот. Замолувам за попрецизно и пострикно водење на расправата за да можеме побрзо и поефикасно да завршиме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Сериозно ќе ја разгледам оваа ваша процедурална забелешка.

Збор има пратеникот Алити Рафис.

**Рафис Алити:** Ви благодарам за зборот.

Навистина, сите претходни говорници дадоа доста значење на членот 22, каде што се предвидува именувањето на раководителите на секторите и транспарентноста внатре во секторот, во текот на именувањето, а се разбира и во текот на разрешувањето на поединците што ќе се именуваат таму. Сигурно дека парламентарното мнозинство некако реагира нервозно и тн., нешто што не е добро, а не е добро од причина што нашите забелешки што ги даваме, било денеска или во текот на изминатите денови токму ги направивме поради оваа транспарентност што е напишана тука. Меѓутоа, од друга страна, транспаретноста што не е прецизирана добро, транспаретност што треба да се почитува од страна на првите лица на институциите кои ги раководат.

Доколку оваа транспаретност што е тука во законот дадена не ја прецизираме добро, тогаш, се разбира, не се говори за целисходна транспаретност, туку се говори само да се рече дека ете, со овој член се обезбедува транспаретност во текот на именувањето и разрешувањето. Меѓутоа, тоа е само за да се каже, а не е всушност реално. Затоа што навистина законодавецот кој го изготвил законот и го напишал овој член 22, ако навистина сака работите да ги прецизира до крај, тоа треба да го направи, за да течат транспаретно.

Овде беа кажани многу други зборови и навистина се направи и повик до госпоѓата министер, затоа што и таа, сигурно е заинтересирана да работите течат како што треба и да има транспарентност, внатре во Министерството за внатрешни работи. Ќе беше добро сите тие повици што се направија до неа, да излезе и да каже зошто началникот на полицијата во Тетово, кој до вчера бил и дал еден исклучителен придонес во тој град зошто е осуден, на некој начин и е пратен во Велес или пак другиот е пратен во Прилеп и тн.

Токму ние, како луѓе кои се занимаваме со политика, значи ова е тоа место, Собраниево каде што ние треба да бараме и да слушнеме за таа транспаретност, така како што говориме. За жал, јас ќе кажам дека во Република Македонија се случија многу работи. Меѓутоа, ништо до сега не било транспаретно, а најмалку истражувањата не се кажувале до крај како се правеле или пак како

се донесувале одлуки за тоа дали имало истрага за еден или друг случај.
Ние тука сме имале дури и атентат врз животот на претседателот на државата, меѓутоа, никогаш Министерството за внатрешни работи не направи транспарентно ништо и да каже дека е осуден некој шеф на сектор и.т.н.,или, зошто не ја вршел својата работа како што треба, или пак, зошто ги вршел истрагите како што треба.

Значи, токму поради тоа дека работите кај нас се пишуваат само "ради реда", а всушност, реално не се прецизираат и потоа нема ни одговорност, одговорноста останува кај никого. И ние говориме за транспратентност во членот 22 став 3, која што вели дека министерот од редот на вработените ги именува и разрешува во транспарентна постапка.

Велам, дека не сме навистина вознемирени од причина што ова не го велиме само денес, господине Георгиевски, туку го велевме и во првата фаза кога ни се понуди овој Предлог-закон од страна на нашите партнери од коалицијата со која што бевме во минатата влада и јас навистина жалам, ќе повторам, каде е госпоѓа Бонева која што учествуваше во Комисијата за политички систем и која што беше најгласна, погласна и од мене, погласна и од госпоѓа Роза Топузова која што го поднесе овој амандман, значи, ја направи оваа забелешка на член 22. Каде е денес госпоѓа Бонева да го крене гласот и да каже дека навистина со овој Предлог-закон не се обезбедува тоа што беше или било интерес на нејзините гласачи за што го добила и гласот, затоа што сигурно ги осигурала дека ќе донесе подобри и пофункционални закони и т.н.

Ние токму кога говориме за транспарентноста, од друга страна, работиме на нетранспарентен начин. Сведоци сме дека и Уставот ги уредува работите, и Деловникот на Собранието на прецизен начин уредува многу работи, меѓутоа, сите работи на крајот на краиштата, не зависат од тоа како се уредуваат во законот, затоа што ние како Балканци, како луѓе кои што живеат на Западен Балкан, знаеме да се ставиме и над законот, знаеме да се ставиме и над Деловникот. И тоа е она што нас не загрижува и не вознемирува од причина што тука веќе не се говори само за Деловникот на Собранието туку се говори за закон кој што е директно поврзан со еден чувствителен орган, органот на Министерството за внатрешни работи, и е во однос на секојдневието на граѓаните. Токму поради тоа бараме работите да се прецизираат до крај. Да се прецизираат, а кога се прецизираат тогаш има и одговорност, и јас навистина барам прошка или пак се извинувам што ќе спомнам, меѓутоа, во текот на 2001 година исчезнаа од страна на полицискиот орган, значи се изгубени Албанците кои земани од своите домови или пак на улица, на пример, убиено е во Велес едно младо дете во својата куќа, значи од неодговорни сили. Сигурно органот за внатрешни работи, доколку биле прецизирани овие работи за кои сега говориме, значи транспарентност, одговорност за законот и т.н., денес ќе се знаеше кој ги земал тие луѓе и каде завршиле тие луѓе, а не да фигурираат како исчезнати. Дали овој закон го обезбедува најмалку барем тоа? Не го обезбедува, од причина што не е транспарентност само ако министерот комуницира со премиерот на Владата и со раководителот на секторот. Значи, каде е нашето влијание како Собрание, каде е нашето влијание како политичари, обезбедено и со овој закон и со овој член. Пред кого ќе поднесува сметка министерот? Дали полага сметки пред нас?

Јас сум длабоко убеден дека ниту во минатата влада не полагале сметка, ниту во оваа Влада ќе полагаат сметка. Значи, нема транспарентност во Република Македонија. Нема транспарентност во нашата земја. Токму поради тоа и ни се случуваат работите вака како што ни се случуваат. Не случајно ние како пратеници или како коалиција во текот на цело време, што не ни беше пријатно да излеземе на говорница и да удираме по масата или пак се создадоа тие неубави сцени. Сигурно многу граѓани во тој момент кога ја виделе таа слика можеби се насмеале или помислиле дека ние тоа го правиме затоа што сакаме да опструираме. Напротив, знаејќи го значењето на донесувањето токму на овој Предлог-закон, знаејќи каква тежина има донесувањето на овој Предлог-закон и членот 22, кој што не е прецизиран, поднесен е амандман од страна на пратеничката Роза Топузова-Каревска, која сака да се прецизира транспарентноста. За жал, ние слушнавме од госпоѓата која ја претставува Владата дека тој амандман не се прифаќа, што значи Владата, мнозинството нема готовност и кога се прават квалитетни интервенции да ги прифати. Јас ја разбирам госпоѓата. Навистина ги разбирам сите тие повици што се направија за да земе збор и да ни даде некои објаснувања, повторно ќе нагласам, дека би сакале ние пратениците од опозицијата да слушнеме дека во текот на експозето ние галамевме и галамата ја направивме токму поради оваа причина, поради тоа што го кажуваме денес дека нема транспарентност, дека нема добар закон кој што ги обезбедува реформите. Заради тоа би сакале да ја слушнеме како претставничка на Владата да ни даде објаснување и да не осигура нас како коалиција, да ни гарантира дека со овој закон или со овој член кој што навистина е предложен во овој закон се обезбедува таа транспарентност. Меѓутоа, се додека не добиеме одговор, сосема е нормално дека ќе продолжиме со нашите дискусии, не затоа што ние сакаме тоа да го правиме, туку ќе продолжиме со нашите дискусии затоа што сме загрижени за тоа на каков начин без никаква јавна расправа се настојува да се донесе закон кој што е толку значаен, закон кој што е доста јавен и транспарентен и се бара и од меѓународниот фактор да се донесе. Меѓутоа, сигурно дека за закони кои не се добро изготвени

не е заинтересирана ниту Европа, ниту НАТО, ниту никој вака да ни го признае законот или ние да им кажеме дека сме го донеле законот за полиција. Ние сме можеле воопшто и да не донесеме закон за полиција или пак да не постои овој член дека ќе постои транспарентност во органите за внатрешни работи и повторно ние како општество би функционирале.

Уште еднаш ќе повторам, го повикувам парламентарното мнозинство во интерес на сите граѓани на Република Македонија, во интерес на значењето и тежината што ја има донесувањето на овој закон, да размислат добро за понудата, за јавната понуда која што ние ја правиме. Значи дека сме заинтересирани да донесеме закон кој ќе обезбеди и ќе осигура добри и целосни реформи и во органот за внатрешни работи и да имаме консензус, било политички или меѓуетнички. Сигурно дека тие што се исплашиле и го прекршија Деловникот на Собранието на Република Македонија, Уставот на Република Македонија и Рамковниот договор дека нема да можат да обезбедат Бадинтерово мнозинство со еден поширок политички консензус, нема да има потреба да гласаме ние како припадници на етничките заедници, помалите етнички заедници, затоа што не знаеме веќе ни која заедница е поголема или помала. Ние осигуруваме дека нема причина зошто да не поддржиме закон кој, ќе нагласам уште еднаш, обезбедува целосни реформи. Тука ќе кажам уште еднаш во членот 22 воопшто не се говори за транспарентност, не се прецизира ништо и се се остава на милост на министерот или на милост на директорот кој ќе ги именува директорите на секторите. Меѓутоа, каде ќе биде нашата држава, нашето место како политичари или местото на градоначалниците за тоа што се случува, затоа што и тие сносат одговорност за ситуацијата на терен, за да ја држат ситуацијата под контрола.  Значи, нема никаква транспарентност, истата не се обезбедува, се исклучуваат и градоначалниците, се исклучуваме и ние како пратеници со овој Предлог на закон.

Гледам колегите ми велат да привршам затоа што е време за оние што се подготвуваат за ручек, додека ние што постиме ќе почекаме. Јас го задржувам правото да продолжам со зборување и после 15,00 часот.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам пауза од 1 час.

(Пауза од 14,01 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,06 минути)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

Збор има господинот Рафис Алити, сакаше да продолжи.

Повелете, продолжете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина тоа што го кажав, уште еднаш ќе нагласам дека, госпоѓата претставник од Владата, а и некои од парламентарното мнозинство да ни даде објаснување како, на пример, со овој предлог закон ,со членот 22, каде целосно  давам право на предлагачот на амандманот дека колку да се рече, да се спомене во овој член "транспарентната постапка" не е во ред, бидејќи навистина треба со овој закон да се обезбеди таа транспарентност. Имено, за волја на оваа транспарентност која е нагласена во овој став, нашите разлики беа големи концептуални разлики со предлагачот на законот. Бидејќи вие не сте предлагач, некој друг беше предлагач на овој закон, токму тука беа и нашите разлики-кој е тој механизам што ќе го убеди граѓанинот, ние да му кажеме на нашето гласачко тело или вие, како парламентарно мнозинство, дека со членот 22, каде се говори за транспарентна постапка е обезбедена транспарентност и нема да се дозволи во ова  Министерство кога се прават назначувања или разрешувања, да има влијанија, посебно кога е во прашање локалната самоуправа. Велам, локалната самоуправа, бидејќи е во интерес на сите граѓани.

Не случајно велиме дека таа транспарентност не е обезбедена и дека е кажано колку да се каже во овој став, а не е добро во него да стои. Да им кажеме на нашите гласачи и вие и ние дека нема транспарентност. Нема транспарентност бидејќи не сакаме да бидеме транспарентни пред вас поради фактот дека еве, поаѓајќи од мене, до кога јас сум бил началник, министер или на некоја друга функција, треба да се занимавам со организиран криминал итн, ми требаат тројца или четворица околу мене. Па, не случајно народот ќе рече дека ги врши сите работи оној кој е на власт, го крши законот итн.

Овде е суштината зошто ние секогаш бараме механизмот на транспарентност да се обезбеди во текот на назначувањата и разрешувањата на началниците. Парламентарното мнозинство ќе го потсетам, мило ми е што дојде најстариот пратеник во оваа сала, господинот Стојан Андов. .Искрено мило ми е да ги потсетам помладите пратеници дека една резолуција која ја предложи господинот Стојан Андов, иако нашите позиции тогаш беа спротивни, тој беше во позиција, а ние бевме во опозиција во тоа време, парламентарната група на ДУИ тогаш го поддржа без двоумење тој предлог, бидејќи се работеше со транспарентноста на одлучувањето итн. Велам, независно од тоа дека сум бил во позиција и консултациите не ги имавме со партиското водство, јас му дадов гаранција дека ќе ја поддржиме таа резолуција. Кога го спомнуваме зборот транспарентност треба да обезбедиме механизам кој ќе ја контролира транспарентноста. Механизмите се обезбедуваат преку закон, а не со подзаконски акти. Токму поради ова сме толку гласни дека навистина е една можност за сите нас како пратеници да донесеме еден добар и ефикасен закон на органите за внатрешни работи.

Тука ќе се обезбеди и ова што го кажува законодавецот, тоа значи транспаретноста. Затоа, уште еднаш би апелирал до вас да го преиспитате и да го увидите интересот за кој сме го добиле гласот и сме во ова Собрание да обезбедиме еден политички и етнички консензус, да донесеме закон навистина кој ќе биде од интерес на граѓаните и тогаш сигурно дека ќе биде и од мој личен интерес. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски** : Благодарам.

Збор има Хани Тахир.

**Хани Тахир:** Почитувани пратеници, почитувани дами и господа,

И јас би побарал збор во однос на предложениот амандман од страна на пратеникот Роза Топузова-Каревска, која укажува и која бара терминологијата "транспарентност" да се избрише. Јас сакам да кажам околу оваа терминологија ние расправаме еве подолго време и самиот поим ја укажува формата на функционирање, формата на изборот на разен кадар или почитување на самиот закон. Зборот "транспарентност" има смисла за тоа, а тоа е да се почитува на дециден начин правните одредби и на овој начин можен за сите конкуренти да имаат рамноправно право да учествуваат, да конкурираат и да не бидат дискриминирани. Мислам дека во однос на предложениот амандман и ова укажување, ние можеме да се надоврземе и со членот 17, каде исто така Министерството за внатрешни работи може да формира централни полициски служби кои ќе се занимаваат со криминалните активности во самата држава. Исто така, оваа централна полициска служба се формира од страна на директорот на Управата за јавни служби и е доста комплексно, сложено и опасно, бидејќи ја дава можноста и право на директорот или и на Министерството да создаде еден механизам кој колку што е одговорен, толку е и неодговорен за формата на функционирањето за постапките на оваа централна полициска служба, која што ќе врши дејности за кои не се знае кому полагаат одговорност. Доколку треба да расправаме и да укажуваме, мислам дека една суштествена забелешка треба да се додаде на член 17 од Предлог законот за полиција во кој предлог директорот на Дирекцијата за јавна управа формира централна полициска служба која служба може да формира еден сектор од три члена кој ќе интервенира во дадени моменти и состојби, како што тие тоа можат да го предвидат. Една ваква дејност на Дирекцијата на директорот на јавната служба може да се загуби во лавиринтот на одговорноста за насилните акти кои може да ги искористи овој оддел. Исто така, правилно е и право е на министерот да предложи или да назначи од редот на полициската служба и началник на Централната полициска служба. И, на крајот вели на транспарентен начин. Кога вели на транспарентна постапка, тогаш не ти дава ниту едно образложение кој механизам и која методологија се користи во постапката на назначување на началникот на централната полициска служба. Тоа е еден спор и забелешка и тоа суштествена во однос на тоа дека во Предлог законот за полиција треба да се предвиди на детален и точен начин или треба да се даде методологијата на назначувањето на началникот било на началникот на централната полициска служба, било на началникот на полицискиот сектор. Кажувајќи ја методологијата на назначувањето и обликот на назначувањето, тогаш ќе може да ни биде јасно било министерот или директорот на полициската служба неможе да го злоупотреби самиот закон, бидејќи ние еве неколку дена во овој Парламент има моменти кога парламентарното политичко мнозинство може да се однесува на тој начин дека јас сум држава или јас сум закон. Ова се забележа доста добро во моментот кога се формира Комитетот за односи меѓу заедниците и имавме една остра расправа дека кога ние можеме да се произнесеме за национална припадност. Дали треба да и служи на политичката дневна цел и ние можеме да создадеме еден политички хаос, злоупотребувајќи ја политичката моќ за политиччки цели во оваа насока. Мислам дека предложениот амандман укажува на тоа за која забелешка не сакам да прејудицирам, но мислам дека реакциите на парламентарната група ДУИ-ПДП се во насока на тоа, бидејќи се работи со еден предлог закон кој е доста чувствителен за сите граѓани на Република Македонија, велам за сите граѓани на Република Македонија на сите заедници. Бидејќи, овој закон е во однос на безбедноста и довербата на еден полициски орган, за кој многу граѓани, посебно Албанците имаат едно лошо горко искуство, за што таа репресија создадена во минатото треба да се претвори во еден авансиран закон со еден консензуален закон, каде сите политички партии, сите пратеници кои ги застапуваат сите етнички заедници треба да го дадат својот глас за овој закон.

Затоа, ние бараме и сеуште бараме овој закон задолжително да ја почитува волјата на сите граѓани во Република Македонија.

Една есенцијална забелешка сакам да ја нагласам во насока на тоа дека организационата поставеност на флангрантен начин го крши Охридскиот рамковен договор, бидејќи организационата поставеност ни дава податоци на проценти кои не ги почитуваат членовите на Уставот на Република Македонија. Во овој закон на транспарентен начин треба да се нагласи дека централната полициска служба треба да го има предвид пропорционалното обработување на граѓаните на сите нивоа. Од осум предвидени сектори, каде ќе се изберат осум началници на полицијата, членот 20, членот 22 е во врска со членот 17, каде што исто така се предвидува формите на транспарентен начин назначување началници на полицијата, началникот на централната полициска служба итн. Затоа, од осум сектори, распределбата на секторите на

полицијата на процентуален начин е 12,5% со 77,5% само една албанска општина е предвидено да имаме еден сектор на полицијата. Тоа значи дека ние општините им ги укинуваме тие институции кои им даваат урбани елементи и централни елементи кон нивниот развој во сите сегменти. Струга како општина, сега и укинато ова право, бидејќи не е предвидено да има ниту сектор, ниту да има . . . Сакам да кажам и тоа од четирите центри на граничната полиција, процентот на организационата поставеност е 0%, бидејќи во ниту една албанска општина не е предвидено да имаме една централна гранична полиција. Истиот процент важи и за полициските станици, од кои 38 полициски станици, имаме само 33 полициски станици во општините кои се раководат од Албанци и 5 општини кои се раководат односно се простираат во албанските општини, што значи процентуалната форма е 13%.

Сакам да го нагласам и тоа дека овој закон треба да има коренити промени и затоа го поддржувам начелото дека овој закон треба да има една измена. За да се направат тие измени се бара еден целосен консензус од сите албански политички партии на начин така како што нагласи Влатко Ѓорчев дека задолжително треба да има еден консензус меѓу политичките порелевантни партии во Македонија на начин да немаме вакви расправи. Но, имајќи еден консензус сеопфатен, тогаш секако ќе се прекинат и овие расправи кои не се во духот на успехот на овој Парламент. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски** : Повелете, Селмани Ајше.

**Селмани Ајше:** Ви благодарам, почитуван господине Георгиевски , почитувани пратеници,

Би сакала на почетокот да го дадам моето мислење во однос на овој закон, значи законот за полицијата . Во меѓувмреме сака да говорам и за амандманот за кој што дискутираа и мотите претходни говорници и моите колеги. Во меѓувреме ќе говорам и за овој амандман кој што третира еден многу мал сегмент , меѓутоа многу значаен. И во првата фаза на овој закон ние ги дадовме нашите забелешки и нашето мислење и истата работа ја направивме и кога овој закон беше во расправа , кога дојде на власт. Ова значи дека истите аргументи не мачат и денес, затоа што не ги исполнуваат потребите на граѓаните. Додека ние како најголема албанска партија сме принудени да ги штитиме интересите на граѓаните во целост и интересите на граѓаните Албанци посебно. Пратеничката која што го предложи овој амандман има право што интервенира и јас во оваа насока го прифаќам нејзиното интервенирање со кое што е бара бришење на зборовите од став 3 на член 22 со кој како што се кажа порано се бара да се направи бришење на зборовите "транспарентна постапка" за што ние мислиме дека е збор кој што е апстрактен збор, иако соодветниот став од нагласениот член треба да се конкретизира. Мислам дека во случај да се одлучи да не усвои овој амандман би било добро Владата интервенира со овој амандман со кој би се прецизирал овој став, или да направи целосно бришење на ставот. Значи мојата цел е да не постои овој збор , затоа што е доста апстрактен.

Меѓутоа, во овој став да се предвиди збор преку кој ќе може да се конкретизира целиот став.

Поради ова што го кажав порано и поради многу други причини, ние сме на мислење дека концептот на овој Предлог закон не кореспондира со општеството и мултиеничката држава. Затоа, ќе беше подобро овој закон од страна на предлагачите да биде повлечен, затоа што како што реков не ги исполнува основните начела на нашето општество. Така за доброто на држава Македонија и на нашиот народ ова прашање ќе беше поприфатливо, додека се изнајде заеднички консензус кој би ги исполнил потребите а сите граѓани. Така ќе докажеме дека навистина сме држава која сака да биде во ЕУ. Со овој предлог ние сведочиме, докажуваме дека сме коалиција која навистина и го сака доброто на нашата држава во целост и на нашиот албански народ посебно, затоа што имаме нивна доверба.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Теута Арифи.

**Теута Арифи:** Почитувани пратеници.

Фактот поради кој пратениците и Парламентарната група на коалицијата ДУИ - ПДП, расправа со голема сериозност за овој предложен амандман, сакаме на целосен начин да укажеме за разликите, не само концептуални, туку и за неколку прашања кои го кажуваат начинот на пристапот кој не е многу погоден со овој закон.

За да го објаснам подобро тоа и користејќи го правото тоа што Парламентот е еден отворен орган и дозволува интелектуални дигресии, да дадам еден цитат од почитуваниот Конфусие кој дава неколку мисли во однос на функционирањето на државата. Ќе го цитирам македонски бидејќи така и го имам вели: Ако во државата има добро владеење, јазикот е возвишен и самоуверен, а исто така и потфатите. Кога ќе преовладее лошо владение потфатите можат да бидат возвишени и смели, но јазикот ќе биде со некои недостатоци".

Тоа е прашање на дискусија на јазикот, прашање на нејаснотии и на неможностите со еден јазик и дискус да се објасни што се мисли. Тоа се прави токму со овој член, членот 22, како што е предложено од страна на предлагачот на овој закон. Затоа и амандманот на почитуваниот пратеник Роза Топузова - Каревска не дава можност да расправаме за ова прашање и за еден значаен момент по еден од најкритикуваните во законот во целина, моментот на транспарентна постапка. Начинот како е дадено во овој член и во целост во законот, прашањето или смислата на транспарентноста, јасно говори за општиот код, ментален код на тие кои го нудат овој закон, кои

би сакале неколку работи да ги спомнат, но истовремено да не ги поддржуваат. Затоа се согласувам со амандманот. Подобро е да не биде тој збор, транспарентност, кога не мислите да го поддржувате тоа, кога не наоѓате одредби и не наоѓате методологија на кој начин и со кои постапки да обезбедите една општа транспарентна постапка.

Во општиот извештај на Хелсиншкиот комитет за заштита на правата на човекот, од едно општо читање на законот за полиција, одсуството на транспарентност или отсуствата на предвидувањата на транспарентноста во полициските постапки е една од клучните слабости на овој закон и со една добра цел е даден во дебитивниот извештај на Хелсиншкиот комитет, за заштита на правата на човекот.

Би било добро понудувачот на законот повнимателно да му пријде на овој извештај, со цел да ги ценат постапките и дададат едно посебно значење токму на транспарентната постапка. Истовремено, ние говориме или спориме во овој случај еден процес по однос на прашањето на назначувањето на началникот на полицијата или тој кој ќе биде надлежен и кој ќе сноси целосна одговорност во однос на функционирањето на процедурите и законот.

Доколку не се предвиде и јасно не се укаже од кој аспект на постапките и со кои постапки се обезбедува транспарентноста во неговото назначување, тогаш, ве молам, кои се предвидувањата или кои се тие постапки со кои се дефинира поголема транспарентност во контролата на работењето и раководењето на полициските постапки од страна на тие кои се избрани за да ги вршат овие функции.

Овој закон за да биде во формална согласност со начелата и европската легислатива, истовремено треба да има една хармонија со европскиот дух на демократијата каде токму обезбедувањето на една отворна транспарентна постапка на назначувањето е клучна гаранција за функционирањето на законот, но и за нешто друго, законот дека нема да се злоупотреби од тие кои се избираат за да го штитат истиот. Во тој правец, секако ние ќе продолжиме со подлабока расправа за овие теми и за овие прашања за да укажеме до крај на фактот и на еден начин не сериозноста на прдлагачот на овој закон и не спремноста за да сседнеме и да расправаме токму за овие теми кои не го засегаат интересот само на една етничка заедница, туку истовремено го засегаат интересот на сите граѓани во Република Македонија. Вистина е дека нетранспарентните постапки често пати,во минатото, се платени поскапо од етничките групи кои не се во мнозинство во оваа земја. Но, истовремено, во однос на злоупотребата на полициските постапки, не биле имуни ниту тие кои се мнозинство, но кои имале различно мислење од вршителите на власта. Поради оваа причина, процедурата на демократијата и правилниот демократски дискус треба да надвладее во изградбата или во концептирањето на законите.

Би било добро доколку предлагачот на сериозен начин ќе има еден однос не само во однос на овие амандмани, туку со целосна сериозност ќе им пријде на тие кои нудат нивни барања за да се расправа по отворено за овој закон, кој, сакам да повторам, ги засега сите граѓани.

Сакам да завршам со тоа дека неправилното владение или не доброто владение има последици не само во кажаните погрешни зборови во законите, туку има последици и во општата изградба на односите во една земја кои не можат да бидат позитивни, доколку тие кои носат одлуки не ги градат на позитивен начин.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Јас во име на Парламентарната група барам еден час пауза, бидејќи имаме амандмани стигнати од Владата и сакаме да направиме дополнителни консултации како група, меѓутоа и со врвот на партијата. Така што барам еден час пауза и после тоа, нормално, ќе се вклучиме во расправа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски :** Еден час пауза.

(По паузата седницата продолжи во 16,36 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Во ред, ние како коалиција, како парламентарна група ДУИ-ПДП искрено го поздравуваме позитивниот одраз на парламентарното мнозинство и Владата која има доставено два амандмани каде и ние претходно укажувавме со наши забелешки заедно со вашиот координатор кој е сега на таа функција, дека така треба да биде, велам порано имавме забелешки во првата фаза на овој закон. Уште еднаш ќе нагласам со една поголема сериозност дека овој Предлог-закон и овој концепт не е и на мнозинството како концепт. Имено, поради ова секогаш сме нагласиле дека би било добро да се повлече Предлог-законот и да дојдеме до еден заеднички консензус да донесеме реформски закон, еден афирмативен закон кој ќе го поздрават сите граѓани.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Садула Дураки.

**Садула Дураки:** Господине Ѓеоргиески, госпоѓа Јанкулоска ве поздравувам и сите пратеници, колеги и колешки во овој Парламент.

За овој закон кој што е поднесен до Парламентот госпоѓа Јанкулоска треба да биде многу благодарна затоа  што од СДСМ следниот закон кој што беше изготвен од нивна страна, значи од поранешната Влада, таа го доби готов. Ние во поранешната Влада имавме големи забелешки во однос на овој закон. И од таа причина тој закон не дојде на ред да се донесе во Парламентот.

Што се однесува на амандманот на госпоѓа Топузова-Каревска која што го поднесе овој амандман на членот 22 со цел зборовите "транспарентна постапка" да се избришат. Јас верувам дека госпоѓата не дека не ја сака транспаретноста. Верувам дека таа ја сака транспарентноста, меѓутоа имајќи предвид дека транспарентноста во овој член е ставена само ради реда. И од таа причина таа бара да се избрише истото од членот 22. Јас мислам исто како и претходните говорници на парламентарната група ДУИ-ПДП дека оваа реченица или овие два збора имаат големо значење во човечкото општество. И треба да се замени и оваа транспарентност навистина треба на таксативен начин работите во членот 22 да се нагласат пошироко, а не вака малку како што се сега претставени. Зошто го велам ова? Имајќи го предвид членот 22 и погорните ставови, значи луѓето кои што се поставуваат по секторите за внатрешни работи и раководните лица да имаат завршено соодветно високо образование. Дали треба да имаат високо образование без да се нагласи кое високо образование, значи може да има и образование за шумар, или за дрвар, или нешто друго. Од таа причина овде не се работи за транспарентност и само се ставаат, се запишуваат зборовите како грнчарот кој што прави грне и после како сака се однесува со истото. Мислам дека зборовите "транспарентна постапка" е да се биде транспарентен. Значи треба да бидат транспарентни и парламентарното мнозинство не само за овој закон, туку и нивните дејствувања што ќе бидат во иднина да бидат за доброто на општеството и за доброто на граѓаните на Република Македонија. Многу е транспарентно некој да каже дека, јас се сакам себеси и го сакам мојот народ, меѓутоа без да ги мразам другите, без да го мразам другиот. Ми изгледа дека тука постојат луѓе кои што само како фарса го имаат тоа, значи фарсата за соживот и да бидеме транспарентни еден кон друг. Токму имајќи ја предвид транспарентноста во овој член 22 досега сме се убедиле, сме потврдиле дека транспарентноста не постои ниту кај моите сонародници, затоа што нешто друго се вели во средствата за јавно информирање, а нешто сосема друго во кулуарите на внатрешната политика. За жал, непочитувањето на транспарентноста за Рамковниот договор, за жал непочитувањето на Бадинтер кое што е прекршено од страна на еден мој земјак и токму нетранспарентноста кон своето население, кон луѓето во Слупчани, значи тоа направило тој да ги повреди своите браќа. Значи, ова не е транспарентно. Ќе беше многу транспарентно да се каже дека јас не ги сакам моите сонародници, меѓутоа најмногу ја сакам коалицијата. Доколку исто како што јас што велам дека сум транспарентен во тоа што го велам и говориме за транспарентност. Исто како јас што велам дека го сакам мојот народ, се борам за мојот народ, меѓутоа, не го мразам другиот народ. Додека законот треба да обезбеди токму транспарентност и да гарантира транспарентност за сите граѓани во Република Македонија. Зошто го велам ова? Спомнав и малку порано за грнето, значи ќе бидам повторно транспарентен, затоа што говориме за транспарентноста, доколку се скрши грнето, мислите дека ќе имаме со што да го залепиме? Мислам дека коалицијата која што е формирана сега навистина тие сакаат да го скршат грнето. И за кршењето на тоа грне ќе бидат одговорни самите тие. Непочитувањето на транспарентноста и во поранешните закони кои што се донесени во овој дом, вие многу добро знаете колку и наштети на Република Македонија. Добро е да не се брза. Многу мои колеги замолија на говорница да не се брза, значи јас нема да молам, бидејќи вие подобро од мене знаете колку и да се моли човек овде не се разбира скромноста на тие што молат. Би било добро да бидете транспарентни и госпоѓата да го повлече овој закон од дискусија. И госпоѓата министер, ќе беше добро да ни објасни што подразбира под поимот транспарентност, кој што е ставен во овој член. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Селвие Салију.

**Селвие Салију:** Почитувани пратеници.

Амандманот предложен од госпоѓа Роза Топузова-Каревска, засега една чувствителна материја и имено поради ова денес и расправаме. Мислам дека треба да се поддржи овој амандман бидејќи со овој амандман се интервенира во конкретизацијата на став 3 од член 22 од овој Предлог-закон и преку кој амандман се бара да се избришат зборовите "транспарентна постапка". Јас ценам дека доколку останат овие зборови во став 3 целиот член ќе биде празен и поради зборовите за кои се предлага да се избришат. Затоа ние како пратеници на оваа парламентарна група инсистираме, настојуваме да го подобриме овој Предлог-закон и посебно да го подобриме членот 22 став 3 во кој став освен општите услови за назначувањата на началниците во Секторот за внатрешни работи се предвидуваат и посебни услови како што е потребното работно искуство и високото образование за назначување на овие началници. Мислам дека исто така и поимот соодветно кој се користи во овој член значи е апстрактен поим, или неконкретизиран како што е и поимот "транспарентна постапка". Поради ова што го кажав и тоа што го слушнавме од излагањето на моите колеги, јас како пратеник ценам дека во Предлогот на овој закон добро е да се интервенира во текстот на самиот Предлог закон и во амандманот за кој се говори. Мислам дека треба да се избрише "транспарентна постапка". Уште еднаш би побарала од госпоѓата, бидејќи е воведена во една игра на нејзините сопартијци и се задолжила со една функција во ова значајно министерство да го измени концептот на овој закон, или би било многу добро да го повлече Предлог-законот и да го анализира со еден малку поширок консензус, а не вака како

што го предложиле и како што мислат да го донесат.

**Љубиша Георгиевски:** Јас незнам дали севкупната македонска јавност ќе го сподели овој мој впечаток, но навистина имам впечаток дека амандманот на госпоѓа Роза Топузова-Каревска пообилно, безобзирно и со намера да се парализира работата на овој Парламент се опструира. Но, јас немам за жал сега во овој момент процедурални можности да го прекинам ова мото перпетуо, ова опструирање. Ако сакате да продолжите на ваша одговорност, повелете.

Има збор Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине Ѓеоргиевски, јас самата терминологија која што вие ја спомнавте пред малку значи парализирање или опструирање од страна на пратениците на колаицијата ДУИ-ПДП, јас тоа би го отфрлил како неосновано од причина што во хемијата често пати се користи терминологијата значи секоја реакција има и против реакција. Многу добро знаете дека основа, или иницијатор за една ваква реакција е токму една влада која што поднесе, проследи еден закон од поранешната Влада и оваа Влада како таква е неприфатлива за нас.

Јас ќе се задржам на она што се предвидува со амандманот на госпоѓата Роза Топузова-Каревска, што се однесува на членот 22 каде е едно исклучително дискутабилно прашање и едно прашање кое што е недефинирано, самата терминологија значи транспарентна. Од самата госпоѓа министер, таканаречена министер за внатрешни работи госпоѓата Гордана Јанкулоска во еден дел од своето образложение или во една своја реплика што ја насочи кон парламентарната група на ДУИ и ПДП како најголем дел од општата расправа околу овој амандман предложен од госпоѓа Роза Топузова - Каревска, таа ни се обрати нам, меѓутоа на ниеден начин и во ниту еден миг таа не најде упатно да дефинира еднаш засекогаш да ја дефинира терминологијата што значи транспарентно, или околу вршењето на должностите на надлежните лица кои што ќе бидат утре во полицијата и во Министерството за внатрешни работи. Ова само по себе носи една работа која што треба да се дискутира и прашање кое што е дискутабилно. Значи, дискутабилно на институционално ниво на Министерството за внатрешни работи и подоцна доколку се донесе овој закон и во институцијата наречена полиција. Ние сме сводици во последно време доколку госпоѓата претставник на таканаречената Влада би била присутна тука, би било добро уште еднаш да се обрати на Парламентот и на овие претставници на народот и да им објасни што направил нејзиниот ресор, или нејзиното министерство во последно време околу разрешувањата и именувањата со разни нетранспарентни постапки каде и овој амандман е поврзан со тоа, значи членот 22. Во последно време господине Ѓеоргиевски и госпоѓата Јанкулоска, многу функционери обоени и необоени политички, политички обоени, или необоени партиски биле разрешувани на нетранспарентен начин од позиции и разни функции во Министерството за внатрешни работи без да се земе предвид нивната професионална подготовка, враќајќи ги тие луѓе на улица, без оглед дали биле началници на полиција на ниво на Министерството за внатрешни работи, или на ниво на полициски станици.

Никогаш таа не виде за упатно да даде објаснување дека се работи за еден вршител на должност на Министерството за внатрешни работи како ново лице, лице кое треба да ја чува својата политичка кариера и својот идентитет и личен интегритет, затоа што во иднина таа ќе се соочува со многу непријатности, затоа што има направено прекршување на нормите, разрешување лица кои што ја вршеле својата одговорност со морално - правна и политичка одговорност.

Јас барам јавно пред вас сите овие забелешки, сугестии, податоци дадени од страна на ДУИ и од ПДП, госпоѓата вршител на дејност министер за внатрешни работи да елаборира и да образложи уште еднаш за секогаш и да ги избегнеме сите овие нејаснотии кои што досега ги претставивме јавно пред јавноста на Македонија и пред претставниците на народот во Парламентот на Република Македонија.

Од причина што самиот член 22 се предвидува од самиот предлагач на овој амандман од госпоѓа Каревска, се бара на транспарентен начин се што се прави во ова Министерство, не само во ова Министерство, туку во сите институции во Република Македонија, ова како што ми изгледа ќе се обиде платформата која што не е добро дефинирана како транспарентност, или транспарентно, затоа што сака да ги покрие сите оние свои дејности кои што се нелегитимни и незаконски со разрешување на многу функционери и вршители на разни дејности во Министерството за внатрешни работи. Исто така, мислам дека во изготвувањето на овој закон кој што госпоѓата зема да го претстави пред нас готов, затоа што изгледа немала професионална подготовка во својот кабинет да изготви закон во согласност со предлозите на организацијата за безбедност и соработка, затоа што врз основа на нивните предлози се бара транспарентно да се дефинира така како што треба.

Јас барам во име на парламентарната група на ДУИ и ПДП, каде што сме како претставници на албанското мнозинство кој што го даде гласот на 5 јули како поголем дел претставници на албанската заедница, значи да се направи еден политички, етнички консензус, да го повлече овој закон кој што не сооддејствува ниту со минималните норми на меѓу етничкото општество во Република Македонија.

Јас уште еднаш апелирам до вршителот на дејност, должност, значи до министерката за внатрешни работи и до вас господине Љубиша

Георгиевски, оваа работа да ја направиме, затоа што за иднината и за доброто на Република Македонија, ова е единствениот начин и за унапредувањето на Република Македонија и за меѓусебната доверба во Република Македонија, овој закон да се донесе еднаш за секогаш, со политички и етнички консензус, за што само на овој начин Македонија може да оди напред кон евроатланските интеграции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот Јанкулоска.

**Гордана Јанкулоска:** Благодарам претседателе.

Се обраќам на предлагачот на амандманот пратеникот Роза Топузовска Каревска, бидејќи амандманот кој таа го предложи, очигледно предизвика жестока дебата од која како претставник на законот можам да заклучам дека практично зборуваме за една иста цел, а тоа е постигнување на широка транспарентност во именувањето на функционерите.

Во таа насока госпоѓо предлагач на амандманот, сакам само да потенцирам дека целите за кој зборуваме ние како предлагачи, Владата на Република Македонија и вие како подносител на амандманот се идентични. Останувањето на зборовите "транспарентност на постапка" само создава за нас дополнителна обврска за нејзино дефинирање и прецизирање понатаму.

Во таа смисла дообјаснувам дека одбивањето на амандманот од моја страна како претставник на Владата, оди во таа насока. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Рафис Алити има процедурално.

**Рафис Алити:** Ние навистина тоа што го кажаа и претходните говорници, ние како коалиција навистина, господине Георгиевски не сакаме да правиме опструкции во Собранието, или да правиме опструкции на поднесениот закон. Но, навистина, неколку пати секој наш пратеник го повика министерот да ни објасни кој е тој механизам во овој Предлог закон кој обезбедува механизам, не зборови, значи, кој обезбедува дека ќе има транспарентност. Поради ова, навистина ние не успеавме да ја убедиме дека некој, било и од мнозинството да не убеди дека овој е тој механизам. Затоа должиме со нашите дискусии, инаку не би должеле толку многу.

Доколку сакаме да правиме опструкции, ние имаме каде тоа да го направиме. Ќе го имаме текстот на законот и таму ќе има место да говориме на широко. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи е веќе 17,00 часот имам предлог за продолжување на работата на Собранието и барам поддршка од Парламентот.

Тој предлог се состои во следното: од 17,30 часот до 19,00 часот да биде пауза заради ифтарот. Од 19,00 часот до 21,00 часот да продолжиме да работиме. Од 19,00 часот, до каде ќе имаме сили.

Ве повикувам да гласаме.

**Рафис Алити:** Јас и на македонски и албански ќе ви се обратам. Немојте да играте со чувствата на пратениците и на верниците итн. Ако имаме намера, не до 21,00 часот, ние ќе зборуваме до сабајле и ќе читаме романи овде, како што ги читала госпоѓата Бонева своевремено. Ние таа намера ја немаме, затоа немојте да играте со чувството на пратениците и на верниците кој треба за ифтар да бидат покрај своите фамилии. Така што, вие како претседател носите одговорност за тоа. Ние не само што нема да седиме, туку и нема да дозволиме да има седница. Кажувам најотворено.

**Љубиша Георгиевски:** Процедуралното објаснување, на оваа ваша процедурална интервенција гласи вака: само пред една минута тврдевте дека не опструирате. После една минута рековте дека ќе читате романи.

Второ, барам мислење од пратениците кои што се муслимани тука. Никој нема овде намера да си игра со ничии чувства. Ние сме обврзани со закон за работа и за работни односи да ги почитуваме празниците. Според тоа, никој со ништо не се игра.

Според тоа, барам согласност за оваа работа.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Го повлекувам предлогот, работиме до 17,30 часот.

Продолжуваме.

Има збор процедурално Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе, не е толку процедурална забелешката, вие ме прозвавте после обраќање на почитуваната министерка, меѓутоа, јас сакам да кажам, со оглед дека и вие ми се обративте, а и министерот за внатрешни работи, да не остане недоречено пред македонската јавност. Навистина, овој амандман го поднесов со најдобра намера, како што кажав, во голема мера да се подобри текстот на законот. Да не остане ништо недоречено, затоа што според мене навистина, да биде постапката валентна, мора прецизно да биде дефиниран начинот на избор. Само со тие јасно дефинирани критериуми, навистина, ќе имаме транспарентност во постапката.

Понатаму, се што се случува околу дебатата во Собранието, јас навистина, не сум надлежна да преземам одредена одговорност.

Значи, мојата цел и намера беа најдобронамерни да се подобри текстот на законот, да можеме да имаме навистина, еден квалитетен закон без одредени недоречености. Имено, за истото сум се залагала кога сум била и дел од парламентарното мнозинство, како на Комисијата за политички систем, така и на во дебатата на пленарната седница. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Фазли Велиу.

**Фазли Велиу:** Бидејќи вака се работи на овој начин и против законите во државата и против нормите, човечките норми, граѓанските норми, работејќи против албанската страна, а истовремено и против самите себе, јас го повлекувам зборот и одговорноста за ова ја сносите самите.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање имаше 99 пратеници.

Гласале 60, за гласале 5, воздржани 3, против 52 пратеници.

Службите ве молам уште еднаш да ги изборјат пратениците.

Во моментот на гласање биле 62 пратеници, без ДУИ.

Констатирам дека Собранието на го прифати амандманот.

Повелета госпоѓо Јаневска процедурално.

**Весна Јаневска:** Почитуван господине претседателе, се извинувам господине Алити.

Во салата кога се гласаше, беа присутни, господине Ѓорчев малку култура, инаку ќе ја напуштиме салата.

**Љубиша Георгиевски:** Тишина ве молам.

**Весна Јаневска:** ВМРО Народна партија ќе ја напуштат салата, ако не се однесувате културно во ова Собрание сите.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Ѓорчев најсериозно ве опоменувам.

Повелете госпоѓо Јаневска.

**Весна Јаневска:** Господине претседателе ова ви се повторува повеќе пати. Пратениците на ДУИ и пратеници на СДСМ беа присутни во салата. Имаше повеќе од 62 пратеника. Тоа што не гласаат е нивно право да не гласаат.

Ве молам немојте после секое гласање да ги пребројувате, кога очигледно, има повеќе од 62 пратеника. По Деловникот тие се присутни, иако не гласаат. Ова гласање беше сосема легитимно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 16 став 2 точка 2; член 17 став 4 точка 2; член 22, став 2, точка 2; член 24 став 2 точка 2 и на член 26 став 3 точка 2, и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23, точки 37 и 38 и за додавање три нови точки по точката 38 поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкулоска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Благодарам почитуван претседателе. Значи овој амандман е во врска со членот 23 во кој во Секторот за внатрешни работи се формира полициска станица од општа надлежност за непосредно вршење на полициски работи за определено подрачје и потоа таксативно се наредени полициските станици во поголем дел од општините во Република Македонија.

Нашиот амандман се однесува на тоа, значи ние бараме полициска станица, претпоставувам дека сосема случајно е направен превид, но нашето барање е полициски станици да се наоѓаат и во општината Петровец, Пехчево и Македонска Каменица.

Причините за поднесување на овој амандман се горе наведените населени места и нивниот број на жители.

Имено, истите населени места имаат доволен број на жители за формирање на полициски станици.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

**Весна Јаневска:** Ви благодарам што ми овозможивте услови да го искажам својот став. Значи, причината за поднесување на амандманот се овие населени места и нивниот број на жители.

Имено, истите населени места имаат доволен број на жители за формирање на полициски станици и истите се општински центри кои покриваат поголемо територијално подрачје, согласно Законот за територијална поделба на државата.

Како пример, може да се истакне полициската станица Петровец, која има надлежност над две општински подрачја и тоа општина Илинден и општина Петровец, но се граничи територијално со општините Велес, Свети Николе и Куманово, а воедно функционираат уште од периодот пред 1991 година.

Идентична е состојбата и со другите предложени полициски станици, па од горе наведените причини, а со цел зајакнување на целокупната безбедност во државата, сметаме дека овие четири точки треба да бидат составен дел како нови дополнителни на членот 23 став 2 од Предлог законот.

Почитуван претседателе и почитувани пратеници, веќе полни шест седум часа дискутиравме по еден амандман. Искрено верувам во добрата намера на госпоѓа Роза Топузова-Каревска како што беше и мојата добра намера како и на сите оние кои поднесоа амандмани на овој закон да придонесеме со нашето активно учество во подобрување на законот.

Со оглед на тоа дека има впечаток дека во моментов во Собранието не станува збор за сосема конструктивна работа на Собранието и со оглед на тоа дека вие како претседател ни

укажавте на значајноста за датумот на донесување на овој закон, со оглед на тоа дека и претставници на Владата укажаа на значајноста за донесување на овој закон и во нашите меѓусебни разговори си зедоа задолженија на себе во идниот период од една година повторно сериозно да го разгледаат овој закон, да постигнат политички договор за негово успешно функционирање, евентуално измени и дополнувања.

Со огед на тоа дека на секое наше видување ни укажувате на тоа дека е ова исклучителен закон за Република Македонија и за граѓаните на оваа држава, во прилог на конструктивно однесување на ВМРО Народна партија јас го повлекувам амандманот.Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално, пратеникот Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Почитуван претседателе би сакал да ве замолам, согласно Деловникот на ова Собрание процедурите и правилата во ова Собрание процедурално да се добива збор тогаш кога претседателот на Собранието односно вие ќе го дадете.

Изминатите четири години пратеникот Рафиз Алити добива збор за процедурално кога ќе посака. Ви сте тој кој го давате зборот во ова Собрание и не може некој да го узурпира правото на зборување и да ја узурпира собраниската говорница.

Би го замолил и пратеникот Рафиз Алити како и сите други 119 останати пратеници во ова Собрание да излегува на говорница тогаш кога ќе го добие зборот, согласно Деловникот кој деловник е ист како и во другите земји од Западна Европа и Северна Америка.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам што ми помагате, крајно време беше некој да ми помогне затоа што јас по Деловникот сум оној што дава збор, аме мене ми го земаат, за жал.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 2 за менување на точка 2, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

(Пратеникот Рафиз Алити излеза на говорница без да му се даде збор, бара процедурално).

Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе ви благодарам за можноста што ми овозможувате да се изјаснам по амандманите од причини кои пред само една минута ги кажав.

Јас од поголем дел од амандманите ќе се откажам иако ќе го задржам правото за некои, без оглед на себе, да дискутирам.

Од овој амандман се откажувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Давам збор на господинот Алити, бидејќи беше спомнат во дискусијата на Ѓорчев. Ве молам, јас така одлучив.

**Рафиз Алити:** Нели ти со име и презиме ме повика. Нема процедурално со име и презиме.

(Реакција од страна на пратениците).

Не е проблемот кај пратениците од ДУИ и ПДП проблемот е кај вас кои не ги знаете процедурите. Ние ве чекавме, вие први ги прекршивте тие процедури. Вие работите како да е Собрание на Јужна Африка, а не ние. Напротив, вие носите одлуки, вие ги поминувате амандманите и кога немате кворум за тоа. Ова може да се случи само овде кај нас и на ни едно друго место. Секогаш кога немате мнозинство за гласање претседавачот бара од нас. Ние не треба да бидеме чувари на тоа. Тоа е во ваш во ваш интерес, бидејќи утре ние треба да го создадеме тоа мнозинство.

Немој да им се обраќаш на пратениците од ДУИ и ПДП, обрати се на самиот себе, бидејќи ти не ги знаеш постапките и процедурите.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам сите да се воздржите од навреди на странски држави особено не од навреди на една толку дистингвирана и добро уредена држава како Јужна Африка.

Што се однесува до забелешката дека овде се носат одлуки без кворум, јас категорички го одбивам.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 5, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Во членот 24 став 5 побаравме по зборовите "министер по колсултација" да се замени со зборот "Владата", да се замени со зборот "градоначалникот".

Имено, со овој амандман сметаме дека доаѓа до промовирање на практичната примена на децентрализацијата и самата материјално-правна материја што го регулира ова и тоа Законот за локална самоуправа и Законот за територијална поделба на Република Македонија.

Со овој амандман се дава придонес во одржувањето и зајакнувањето на јавната безбедност, но и превентивно безбедносно делување.

Во едно се избегнува впечатокот дека децентрализацијата и пренесувањето на правата

од централната на локалната самоуправа намерно се избегнуваат.

Исто така новиот став 6 поднесен со овој амандман оди во остварување на децентрализацијата на самата полиција каде градоначалниците и советите на конкретните општини на која територија фигурираат полициски станици можат да поднесат писмено барање до министерот за внатрешни работи за смена на командир на надлежната полициска станица во кое образложение заедно со писменото барање барателите задолжително да ги наведат конкретните причини поради кои се бара смена на командирот на полициската станица, но и да му се даде можност на иститот да биде запознаен и да се произнесе по ова барање.

Сметам дека е ова еден од значајните сегменти кој го допира Законот за децентрализацијат и територијалната прераспределба во Република Македонија и ваквиот наш амандман поконкретно ќе придонесе за поквалитетно функционирање на полицијата на локално ниво.

Но, да не се повторувам секој пат во образложението на овој амандман во корист на Република Македонија го повлекувам амандманот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Отворам претрес по амандманот на член 24 за додавање нов став 6 по ставот 5, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Ви благодарам почитуван претседателе, почитуван претседателе, почитувани пратенци во корист на Република Македонија и сите нејзини граѓани го повлекувам амандманот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 25 за менување на став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** По повод овој амандман би сакала да ги информирам пратениците, а и граѓаните на Република Македонија дека во овој член доаѓа до израз локалното и територијалното законодавство со неговата имплементација каде веќе се гледа дека командирот на полициската станица редовно го информира советот и градоначалникот на засегнатата општина за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедност во сообраќајот.

Сметаме дека е добро ова информирање да биде најмалку два пати во годината и истото, покрај советот, да може да го бара и градоначалникот на засегнатата општина од причини што и градоначалникот претставува орган во самоуправата и истиот непосредно ги претставува интересите на граѓаните кои го избрале.

Поради тоа командирот на засегнатата полицика станица во горе наведената смисла треба, прокрај советот на општината, да го информира и градоначалникот без оглед од која националност е тој, но и градоначалникот да има право по барање кое ќе го образложи до командирот на засегнатата полициска станица, да бара информации повеќе од два пати во годината.

Со ваквата уреденост се зајакнува комуникацијата на органите на локалната самоуправа со полицијата, доаѓа до подобро запознавање помеѓу раководниот орган на полициската станица со засегнатата општина, подобро запознавање со проблемите на граѓаните и воопшто доаѓа до намалување на сторување и превенирање на општествените девијации и девијантните појави во државата.

Господине претседателе, почитувани пратеници, во корист на државата Република Македонија и во корист на сите граѓани на оваа земја, го повлекувам амандманот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 2, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

(Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Од истите причини амандманот се повлекува.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 3 за менување на точка 2, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Бидејќи на денешата седница Владата поднесе нови амандмани кои ние како партија ги прифаќаме во целост, овој амандман се повлекува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 4, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе, овој амандман се однесува исто како и претходниот за кој долго се дебатираше околу фразата "транспарентна постапка", меѓутоа, во овој случај се зборува за началникот на регионалниот центар за гранични работи.

Сметам дека во текот на денешниот ден беше на долго и широко елаборирано дека ваква фраза апсолутно ништоне зборува, дека е само декларативна, дека со ништо не придонесува да имаме еден квалитетен закон со кој ќе се решава начинот на избирањето како на началниците на регионалните центри така на секторите и командирите, но со оглед дека се нема слух кај Владата и еве сме при крај на работното време, овој амандман го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 4, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифати амандманот.

Според тоа, амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 за додавање нов став 3, по ставот 2 и на став 3, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** По овој амандман би сакала да се произнесам, бидејќи сметам дека се работи за значаен сегмент кој не е од технички карактер.

Во овој амандман предлагаме за командир на полициската станица може да биде избрано лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос во полицијата предвидени со овој закон да ги исполнува и следните посебни услови, бидејќи во моменталниот член 27 не се предвидени следните посебни услови.

Наш предлог е да имаат завршено соодветно високо образование, но бидејќи во претходната дискусија веќе кажавме дека соодветно високо образование не е прецизирано соодветното обвазование, ние предлагаме тоа вискоко соодветно образование да биде дополнето со Полициска Академија, Факултет за безбедност, Одбранбени и мировни студии односно Дефентологија, Правен факултет и Воена Академија. Да има работно искуство во безбедностните структури и за бројот на годините нема да коментирам затоа што сме задоволни од амандманите што ги поднесе Владата.

Причини за поднесување на овој амандман е истакување на еднаквата положба на командирите на полициските станици во граничната полиција со оние во полициските станици од општата надлежност.

Со оваа измена се овозможува искористување, неискуството на лица преземени од АРМ и Министерството за одбрана кои првенствено биле во текот на својата работа во АРМ и Министерството за одбрана ангажирани во извршување на изведувачко разузнавачките структури и граничните единици на АРМ.

Сметаме дека е важно да се прецизира и уреди со овој амандман самата потреба од дополнително регулирање на полициските станици кои би носеле назив "полициски станици" за обезбедување на државната граница и граничната контрола, бидејќи е за очекување поедини полициски станици за обезбедување на државната граница и полициските станици за гранична контрола во иднина да се обединат од аспект на рационализација и поуспешна теренска активност како и заштита во искористувањето на техничко-технолошките ресурси, персоналот и финансиите.

Но, како што веќе неколку пати до сега прозборев иако сметам дека амандманот регулира значаен сегмент, во корист на Република Македонија и сите нејзини граѓани, амандманот го повлекува. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Со оглед на поодминатото време, ја прекинувам седницата, а ја продолжуваме утре во 10,00 часот.

Благодарам на соработката.

(Седницата прекина со работа во 17,33 часот)